Република Македонија

Министерство за информатичко општество и администрација

# СРЕДНОРОЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА САМООЦЕНУВАЊЕ

# АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ОТВОРЕНО ВЛАДИНО ПАРТНЕРСТВО ЗА 2016-2018 ГОДИНА

Скопје, септември 2017 година

## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## Среднорочен извештај за самооценување

## Акциски план за отворено Владино партнерство за 2016-2018 година

### 1. Вовед и историјат

Република Македонија континуирано работи на подобрување на ефикасноста во работењето на државните институции, зголемување на транспарентноста и пристапот до информации, борбата против корупцијата и обезбедување на висок квалитет на јавните услуги за граѓаните и бизнисите преку искористување на моќта на технологијата и иновациите.

Преку пристапување на глобалната доброволна инцијатива за Отворено владино партнерство, Владата на Република Македонија се обврза и ја потврди својата заложба континуирано да се подобрува и својата работа да ја темели на отворени, транспарентни, сигурни и ефикасни владини институции, кои комуницираат и соработуваат со граѓаните. Обврските во поглед на транспарентноста во вршењето на владините активности, како и вклучување на граѓанскиот и приватниот сектор претставуваат високи приоритети во агендата на Владата на Република Македонија. Граѓанскиот сектор акумулира огромна креативна енергија која треба да се користи поактивно во јавниот сектор преку подобрување и негување на културата на вклученост и почитувањето на правата на сите граѓани во процесот на креирање политики и донесување одлуки, донесување закони и пристап до информации. Уште поважно, Отвореното владино партнерство врши силно влијание врз иновациите, развојот и конкурентноста.

Во изминатите години Владата на Република Македонија беше насочена кон унапредување на транспарентноста на власта, поголем ангажман и вклученост на граѓаните во процесот на донесување одлуки, воведување на поголеми стандарди на

интегритет и поголем пристап до технологија за сите граѓани на Република Македонија. Владата на Република Македонија и со третиот Национален Акциски план за Отворено владино партнерство 2016-2018 година останува на заложбата активно да работи на приоритетите кои се однесуваат на партиципативното креирање политики на централно и локално ниво, интегритетот, отворените податоци, фискалната транспарентност, слободата на информации, јавни услуги, климатски промени и тоа преку помалубројни но мерливи, реалистични и предвидливи достигнувања.

Во јуни 2017 година врз основа на добиените резултати на предвремените парламентарни избори одржани на 11 декември 2016 година, беше формирана нова Влада на Република Македонија која во Програмата за работа 2017-2020 година и планот 3-6-9 вклучи пакет реформски активности кои недвосмислено се насочени кон транспарентноста, отчетноста и одговорноста и ја одразуваат заложбата за целосно имплементирање на концептот отворена влада согласно иницијативата за Отворено владино партнерство.

## 2. Процес на национален акциски план

### 2.1 Учество и ко-креирање согласно циклусот на ОВП

Во создавањето на третиот акциски план централно место заседоа консултациите во и надвор од Владата, вклучувајќи и широки консултации со министерствата и други органи на државната управа, како и консултација со општата јавност, граѓанските организации, академските институции и приватниот сектор.

Процесот на подготовка започна во февруари 2016 година кога беше објавено Известување за почеток на процесот за подготовка на третиот национален Акциски план за Отворено владино партнерство 2016-2018 на порталот е-демократија и на веб страната на Министерството за информатичко општество и администрација заедно со Временската рамка за изготвување на Акцискиот план за отворено владино партнерство 2016-2018, со што и официјално отпочна процесот на ко-креација на Третиот национален Акциски план за отворено владино партнерство 2016-2018 година. Исто така, во февруари 2016 година, во рамките на активностите за подготовка на Акцискиот план, се спроведе анкета преку on-line прашалник со цел да ја испита информираноста на граѓанските организации за глобалната иницијатива

Отворено владино партнерство (ОВП) и нивната заинтересираност за учество во процесот на креирање на третиот национален Акциски план за Отворено владино партнерство 2016-2018. Резултатите од анкетата се објавени на следниот линк.

### 2.2 Учество и ко-креирање во процесот на развој на Националниот акциски план

Согласно Временската рамка за изготвување на Акцискиот план за отворено владино партнерство 2016-2018 година, процесот на ко-креација беше поделен во меѓусебно поврзани фази во кои беа превземени следните активности:

- Во месец март 2016 година се спроведе отворен дијалог со граѓанскиот сектор. Беа спроведени три тематски работилници во кои активно учество земаа 110 претставници од граѓанското општество во Македонија (невладини организации, бизниси, социјални партнери, медиумите и академските институции) и дискутираа за предизвиците кои се однесуваат на транспарентноста и отчетноста, слободата на информации, отворени податоци, ефективни јавни услуги и добро владеење на локално ниво. На работилниците беа идентификувани 38 предлози за кои граѓанското општество се заложи да влезат во Акцискиот план за Отворено владино партнерство. Работилниците беа искористени и за подигање на свест за Одржливите развојни цели.
- На 23-24 март 2016 година се одржа Прв јавен настан - Конференција „Отворено владино партнерство дијалог со граѓанските организации за Националниот акциски план 2016-2018". На конференцијата беше промовирана иницијативата Отворено владино партнерство, се даде детална информација за остварениот прогрес на Акцискиот план за Отворено владино партнерство 2014-2016 година, претставник на независниот механизам за известување го претстави Механизмот за независно известување (IRM) како еден од клучните начини преку кои заинтересираните страни може да го следат напредокот и влијанието кај владите кои учествуваат во иницијативата за Отворено владино партнерство и се создаде простор за дискусија меѓу граѓанските организации и владините институции за искуствата и предизвиците во спроведувањето на вториот акциски план и ко-креирање на предлог мерки за третиот акциски план. Во текот на конференцијата во шест работни групи фацилитирани од претставници од невладините

организации беа дадени 66 предлози и насоки за третиот акциски план за следните приоритетни теми: партиципативно креирање на политики, отворени податоци, слобода на информации, спречување на корупцијата и промовирање на доброто владеење, ефикасно управување со јавните ресурси (фискална транспарентност) и отвореност на локално ниво. На конференцијата учествуваа 97 претставници на државни институции и граѓански организации кои работат во области релевантни за Отворено владино партнерство, како и претставници на универзитети и дипломатски претставништва. Извештај од настанот на следниот линк.

- Во периодот од 24 март до 30 април 2016 година се спроведе процесот на дефинирање на предлог мерките за првата нацрт верзија на Акцискиот план за Отворено владино партнерство 2016-2018 година. Притоа се одржаа четири тематски работни состаноци, управувани од страна на координаторите на поединечните приоритети од надлежните владини институции. Претставниците на граѓанските организации и владините институции кои дадоа свои предлози на тематските работилници и на првиот јавен настан, во текот на работата се фокусираа на приоретизирање и дефинирање на предлог мерките согласно критериумите од независниот механизам за известување. Во оваа фаза беа дефинирани 19 заложби со 80 активности во 6 приоритетни теми .
- Во текот на месец април 2016 година заинтересираните страни имаа можност да доставуваат свои коментари и забелешки на објавената прва нацрт верзија на акцискиот план. Известувањето за процесот на консултации е достапно на следниот линк. Во текот на едномесечниот отворен on-line консултативен процес беа доставени 7 нови предлог мерки. Во истиот период коментари беа добиени од страна на Одделението за поддршка во рамките на иницијативата за Отворено владино партнерство кои беа проследени до сите работни групи за разгледување.
- На 11 мај 2016 година се одржа Вториот јавен настан „Отворено владино партнерство – дијалог со граѓанските организации за Националниот акциски план 2016 – 2018“ на кој се изврши презентација на првиот нацрт Национален Акциски план за Отворено владино партнерство (2016-2018) изработен во соработка со граѓанските организации и се оствари

дискусија меѓу граѓанските организации и владините институции за развивање на втора нацрт верзија на Акцискиот план. Учесниците работеа во шест тематски групи: партиципативно креирање на политики, отворени податоци, слобода на информации, спречување на корупција и промовирање на доброто владеење, ефикасно управување со јавните ресурси (фискална транспарентност) и отвореност на локално ниво. Групите беа формирани во зависност од интересите на претставниците, со претходна регистрација. Во работните групи се дискутираа мерките кои беа предложени и разработени за време на отворениот дијалог со граѓанските организации на првиот дводневен јавен настан, мерките добиени за време на едномесечниот консултативен период на порталот е-демокртија и предлозите кои беа претставени на самиот настан. Исто така посебно внимание беше посветено на Агендата за одржлив развој до 2030. Работните групи имаа можност да разменат видувања и да ја утврдат релевантноста на предлог мерките од првата нацрт верзија на Акцискиот план за Отворено владино партнерство 2016-2018 година за целите утврдени во Агендата за одржлив развој до 2030. На настанот присуствуваа повеќе од 110 претставници од државни институции и граѓански организации кои работат во области релевантни за Отворено владино партнерство, како и претставници на универзитети и дипломатски претставништва и притоа беа развиени и предложени предлог мерки за втората нацрт верзија на Акцискиот план за периодот 2016-2018 година.

- Во периодот од 11 до 25 мај беа одржани ad hoc работни состаноци со цел доразработка и усогласување на ставовите по предлог мерките од страна на предлагачите и надлежните институции за спроведување. Во овој период беа дефинирани и 4 заложби за две нови теми и тоа „Јавни услуги“ и „Климатски промени“.
- По усвојувањето, Министерството за информатичко општество и администрација во јуни 2016 година Акцискиот план го достави на англиски јазик до интернационалата на Отвореното владино партнерство во Вашингтон и објавен е на opengovparnetrship.org.
- Исто така во месец јуни 2016 година објавен е Статусот на предложени мерки за АП ОВП 2016-2018 година

### 2.2.1 Поврзување на Отвореното владино партнерство со Одржливите развојни цели

Во рамките на заложбите на Република Македонија за постигнување на Одржливите развојни цели како и прифаќањето на „Заедничката декларација за Отворена влада за спроведување на Агендата за одржлив развој до 2030“, во текот на подготовката на овој Акциски план Владата на Република Македонија се одлучи на пионерски напор за интегрирање на принципите за одржлив развој во Агендата за отворена влада.

Во текот на консултативните настани организирани во периодот февруари-мај 2016, беа објаснети и популаризирани одржливите развојни цели и воедно учесниците беа поттикнати да размислуваат и да предложат како мерките од Акцискиот план за Отворено владино партнерство можат да бидат релевантни и усогласени со Агендата за одржлив развој.

Во текот на консултациите се дојде до заклучок дека една од 17-те глобални цели, поконкретно целта 16 која гласи „Да се изградат ефективни, отчетни и инклузивни институции на сите нивоа“ е експлицитно и специфично релевантна за Агендата за отворена влада. Понатаму, беше констатирано дека напредокот кон секоја од глобалните развојни цели е тесно поврзан со постоењето на транспарентни институции кои се отворени и отчетни кон граѓаните, со потребата од активно учество на граѓаните и владеењето на правото.

Третиот Акциски план поконкретно ги идентификува врските помеѓу Агендата за отворено владино партнерство и развојните цели: 1 „Без сиромаштија“, 5 „Родова еднаквост“, 6 „Чиста вода и санитарни системи“, 13 „Климатска Акција“, 16 „Мир, правда и силни институции“ и 17 „Партнерство за целите“, кои се објаснети во рамките на соодветните заложби за отворено владино партнерство презентирани подолу. Интегрирањето на развојните цели во Отвореното владино партнерство е направено според постојните глобално дефинирани развојни цели и индикатори, бидејќи во моментот тече процесот на локализирање на Одржливите развојни цели за Македонија. Меѓутоа, идентификувањето на врските помеѓу мерките на Отвореното владино партнерство и глобалните развојни цели кое се постигна во овој процес е голем исчекор во унапредувањето на Одржливите развојни цели во Република Македонија и самиот процес и исходот од истиот ќе бидат земени предвид во понатамошните чекори на Владата на Република Македонија за локализирање на

глобалните развојни цели во другите национални политики. На тој начин, Акцискиот план за отворено владино партнерство започна важна дебата за спроведување на Агендата за одржлив развој до 2030 и воедно главните чинители искажаа подготвеност да продолжат со соработката во однос на поврзување на агендите за отворена влада и одржлив развој и заеднички да го следат напредокот и резултатите од процесот.

### 2.3 Учество и ко-креирање во процес на имплементација, мониторинг и известување за АП

Со цел соодветна соработка и ко-имплементација на третиот национален Акциски план за Отворено владино партнерство 2016-2018 од страна на заменик министерот за информатичко општество и администрација беше донесено Решение за формирање работна група со сите чинители за спроведување на Националниот Акциски план за Отворено владино партнерство 2016-2018 година. Притоа секоја работна подгрупа за поединечен приоритет е сочинета од координатор односно заменик координатор и членови од владини и невладини организации. Работната група како и работните подгрупи за приоритети одржуваат состаноци, со динамика што заеднички ја утврдуваат со координаторот односно заменик координаторот (досега одржани 2 состаноци и воспоставена е тековна комуникација помеѓу членовите по пат на електронска пошта).

Секоја работна подгрупа за поединечен приоритет изготвува полугодишен извештај за спроведување на достигнувањата од односниот приоритет во Националниот Акциски план за Отворено владино партнерство 2016-2018 година и го доставува до Министерството за информатичко општество и администрација. Министерството за информатичко општество и администрација изготвува полугодишен извештај за спроведување на Националниот Акциски план за Отворено владино партнерство 2016-2018 година и истиот се доставува до Владата на Република Македонија и се објавува на порталот е-демократија (www.e-demokratija.mk). Досега се изработени два полугодишни Извештаи за периодот јуни –декември 2016 година и јануари –јуни 2017 година.

## 3. ИРМ препораки

Искуствата од претходните акциски планови и петте „СМАРТ“ препораки од механизмот за независно известување[1] беа основна водилка во организирање и спроведување на процесот на подготовка и развој на заложбите во третиот акциски план кој ги адресира тековните општествени предизвици.

На 23-24 март 2016 година во текот на Првиот јавен настан - Конференција „Отворено владино партнерство дијалог со граѓанските организации за Националниот акциски план 2016-2018", освен што беше промовирана иницијативата Отворено владино партнерство, се даде детална информација за остварениот прогрес на Акцискиот план за Отворено владино партнерство 2014-2016 година, претставник на независниот механизам за известување го претстави Механизмот за независно известување (IRM) како еден од клучните начини преку кои заинтересираните страни може да го следат напредокот и влијанието кај владите кои учествуваат во иницијативата за Отворено владино партнерство и се создаде простор за дискусија меѓу граѓанските организации и владините институции за искуствата и предизвиците во спроведувањето на вториот акциски план и ко-креирање на предлог мерки за третиот акциски план.

Покрај инклузивноста и транспарентноста, во процесот на подготовка и развој на заложбите за третиот национален акциски план посебно внимание се посвети истите да содржат трансформативни, реалистични и мерливи достигнувања остварливи за период од две години. Во текот на работните состаноци за креирање на предлог мерките, претставниците на граѓанските организации и владините институции кои дадоа свои предлози на тематските работилници и на првиот јавен настан, се фокусираа на приоретизирање и дефинирање на предлог мерките согласно критериумите од независниот механизам за известување.

## 4. Имплементација на обврски за Националниот акциски план

Подолу во табела 1 е даден збирен приказ на ниво на реализација за секој поединечен приоритет од Акцискиот план 2016-2018 година за кој е започната имплементацијата додека во табела 2 е даден преглед на напредокот и главните постигнати резултати.

[1] Извештај за напредокот на Македонија, подготвен од механизам за независно известување (2015)

Во рамките на Информацијата за статусот на реализација на Националниот акциски план за Отворено владино партнерство 2016-2018 година (полугодишен извештај за периодот јануари –јуни 2017 година) изостана заложбата 6.8 „Подобрување на комуналните услуги на локално ниво“ врз основа на известување од Министерство за локална самоуправа. Исто така по спроведени консултации по однос на Среднорочниот извештај за самооценување, а со цел усогласување на делот „амбиција“ од приоритет 7 „ Јавни услуги„ заложбата „7.1 Поволна правна средина за социјални договори“ се дополнува со ново достигнување “ 7.1.6 Основање на бизнис активности и зајакнување на социјалното влијание на 10 ГО преку регрантирање на креативни решенија за решавање на социјални проблеми“.

Оттука, во натамошното известување во однос на статусот на реализација на Акцискиот план ќе се следат вкупно 33 заложби и 99 достигнувања.

**Табела 1. Збирен приказ на ниво на реализација за секој поединечен приоритет од Акцискиот план 2016-2018 година**

Од вкупно 33 заложби од акцискиот план, 4 заложби се целосно завршени, 7 имаат значително ниво на реализација, 18 се на ограничено ниво а за 4 заложби се очекува нивно отпочнување согласно утврдената временска рамка.

| ПРИОРИТЕТ /ЗАЛОЖБА | НИВО НА РЕАЛИЗАЦИЈА | | | | КРАЕН ДАТУМ |
|---|---|---|---|---|---|
| | НЕЗАПОЧНАТО | ОГРАНИЧЕНО | ЗНАЧИТЕЛНО | ЗАВРШЕНО | |
| **ПАРТИЦИПАТИВНО КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКИ** | | | | | |
| 1.1 Унапредување на процесот за консултација со засегнатите страни во процесот на креирање на политики | | | | | 6/2018 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.2 Унапредување на соработката со граѓанскиот сектор | | | | | 1/2018 |
| **ОТВОРЕНИ ПОДАТОЦИ** | | | | | |
| 2.1 Креирање на стандарди за отворени податоци | | | | | 7/2018 |
| 2.2 Подобрување на платформата за отворени податоци и нејзино приближување кон граѓаните | | | | | 6/2018 |
| 2.3 Зголемување на свеста за отворени податоци | | | | | 8/2018 |
| 2.4 Каталогизација и категоризација на податочните сетови на државните институции | | | | | 6/2018 |
| 2.5 Линкување на отворените податоци на порталите на државните институции | | | | | 9/2017 |
| **СЛОБОДА НА ИНФОРМАЦИИ** | | | | | |
| 3.1 Унапредување и олеснување на пристапот до информации | | | | | 6/2018 |
| **СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА И ПРОМОВИРАЊЕ НА ДОБРОТО ВЛАДЕЕЊЕ** | | | | | |
| 4.1 Имплементација на Законот за заштита на укажувачи и јакнење на свеста за укажувањето | | | | | Континуирано |
| 4.2 Отворени податоци за имотната состојба на избрани и именувани лица | | | | | 2018 |
| 4.3 Промовирање на интегритет, транспарентност и отчетност на локално ниво и следење на напредокот | | | | | 2018 |
| 4.4 Унапредување на соработката и зголемена проактивност во спречување на корупцијата и судирот на интереси | | | | | 2018 |
| **ЕФИКАСНО УПРАВУВАЊЕ СО ЈАВНИТЕ РЕСУРСИ (ФИСКАЛНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ)** | | | | | |
| 5.1 Иницијатива за отворен буџет | | | | | Континуирано |
| 5.2 Отворени податоци за здравствени програми | | | | | 6/2018 |
| 5.3.Создавање законска обврска за договорните органи за задолжително објавување на информации за постапките и за договорите за јавни набавки на своите интернет страници | | | | | Континуирано |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5.4. Вклучување на транспарентен и објективен начин на претставници на здруженијата и фондациите, како и на останатите ГО, во секторските работни групи за планирање и програмирање на ИПА 2 | | | | | 6/2018 |
| 5.5. Објавување на податоци за склучени договори и добиена помош преку Програмата за инфраструктурен развој (ОРИО) на Кралството Холандија | | | | | 6/2018 |
| 5.6.Воведување на јавно достапен регистар на договори за концесии | | | | | Континуирано |
| 5.7 Зголемување на придобивките од трошење на буџетските средства за превентивна и куративна здравствена заштита за граѓаните | | | | | 12/2017 |
| 5.8.Објавување податоци на квартално ниво за планирана и реализирана домашна и странска помош за рурален развој и земјоделство | | | | | Континуирано |
| 5.9.Утврдување податоци за државна помош кои периодично треба да се објавуваат и нивно објавување | | | | | Континуирано |
| **ОТВОРЕНОСТ НА ЛОКАЛНО НИВО** | | | | | |
| 6.1. Развивање на стандарди за транспарентност и отворени податоци на локално ниво | | | | | 6/2017 |
| 6.2.Воспоставување на нови алатки за подобрување на финансиската транспарентност и отчетност на ЕЛС | | | | | 12/2017 |
| 6.3.Подобрување на функционалноста на институционалните механизми за консултација на локално ниво | | | | | 12/2018 |
| 6.4. Зајакнување на капацитетите за соработка на Единиците на локалната самоуправа со граѓанските организации | | | | | 12/2019 |
| 6.5. Мониторинг и евалуација на квалитетот на услугите на локално ниво | | | | | 12/2019 |
| 6.6.Подобрување на социјалните услуги на локално ниво | | | | | 06/2018 |
| 6.7.Подобрување на социјална инклузија на лица со попреченост на локално ниво | | | | | 12/2017 |
| 6.8.Подобрување на комуналните услуги на локално ниво /оваа мерка изоставува по барање на МЛС | / | / | / | / | / |
| 6.9.Поголема информираност на граѓаните за институцијата Народен правобранител/ нумерирањето на оваа мерка понатаму ќе | | | | | 12/2018 |
| **ЈАВНИ УСЛУГИ** | | | | | |
| 7.1 Поволна правна средина за социјални договори | | | | | 6/2018 |
| **КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ** | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 8.1 Развој на климатските политики на национално ниво на транспарентен и партиципативен начин | | | | | 9/2017 |
| 8.2 Отворени податоци за климатски промени на национално и локално ниво | | | | | 9/2017 |
| 8.3. Обезбедување на одговорност и вклученост на приватниот сектор во националната акција за климатски промени | | | | | 9/2017 |

**Табела 2. Преглед на напредокот и главните постигнати резултати за секој поединечен приоритет од Акцискиот план 2016-2018 година за кој е започната имплементацијата**

| 1. ПАРТИЦИПАТИВНО КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКИ | | |
|---|---|---|
| **1.1 Унапредување на процесот за консултација со засегнатите страни во процесот на креирање на политики** | | |
| Почетен и краен датум на обврската (07/2016–06/2018) | | тековна обврска |
| Водечка институција за спроведување | | Министерство за информатичко општество и администрација |
| Име на одговорно лице во институцијата за спроведување | | Гордана Гапиќ Димитровска<br>Марина Шаф-Радеска |
| Функција, Одделение | | Раководител на Одделение за управување со процесот на проценка, објава и следење на регулативата<br>Помлад соработник во Одделение за управување со процесот на проценка, објава и следење на регулативата<br>Сектор за регулаторна реформа |
| Email | | gordana.dimitrovska@mioa.gov.mk<br>marina.shaf@mioa.gov.mk |
| Телефон | | +389 3200 944<br>+389 3200 919 |
| Други вклучени субјекти | Органи на државна управа, самостојни органи на државна | МИОА, ГС на ВРМ, ЦРМ, министерства |

| | | |
|---|---|---|
| | управа | |
| | Невладин сектор, деловни субјекти, синдикати, стопански комори, здруженија и фондации | МЦМС, ЦИКП, УНДП |
| Состојба или проблем што се опфаќа со обврската | | Вклучувањето на јавноста во процесите на креирање политики и подготовка на закони се уште не е на задоволително ниво. Иако е воспоставен уште во 2009 година, Единствениот национален електронски регистар на прописи, сеуште не се користи доволно за онлајн консултации за предлог-законите. Минималниот период за консултации не се почитува кај сите предлог-закони и тој е значително пократок во однос на стандардите поставени во земјите на ЕУ и регионот. Јавноста нема увид во ефектите од процесот на консултации и во моментов не се достапни сумирани повратни информации од спроведениот процес на консултација. |
| Главна цел | | Афирмирање и унапредување на воспоставените практики за партиципативно креирање на политики поддржано од владиниот и граѓанскиот сектор. |
| Кус опис на обврската | | Јакнењето на односите помеѓу Владата и граѓанскиот сектор е клучно начело за добро владеење и преставува неопходна инвестиција во процесот на креирање квалитетни политики. |
| ОВП предизвик опфатен со обврската | | Со мерките предвидени во овој приоритет се придонесува кон подобрување на јавните услуги и зголемување на јавниот интегритет. |
| Поврзаност со Глобалните цели за одржлив развој | | Врска со Цел 16. „Мир, правда и силни институции“ Таргет 16.7: Да се обезбеди репрезентативно одлучување на сите нивоа, со кое ќе се реагира на проблемите, а ќе биде засновано на вклученост и партиципација на засегнатите страни<br>Со мерките од оваа заложба се придонесува кон поквалитетно одлучување од страна на креаторите на политики засновано на консултација со засегнатите страни. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Важност | Процесот на консултации со засегнати страни овозможува Владата да има пристап до нови извори на идеи, информации и ресурси кои се важни во процесот на креирање на политики и донесување на одлуки.<br>Афирмирањето и унапредувањето на воспоставените практики и процедури за креирање на политики поддржани од владиниот и јавниот сектор претставуваат основа за унапредување на транспарентноста и одговорноста на Владата пред јавноста. Исто така, информатичката технологија која ги поддржува воспоставените процедури за креирање на политики овозможува поголема отвореност, навременост и одговорност на јавниот сектор. | | | |
| Амбиција | Со оваа заложба се очекува во период од две години да се зголеми отчетноста и отвореноста на владата преку подобрување на процесот на спроведените консултации со јавноста:<br>- во процесот на подготовка на ex ante и ex post проценка на влијанието на регулативата преку подготовка и објава на Годишен извештај за спроведени консултации,<br>- споделување на резултатите од независното следење на отвореноста на Владини институции во процесите на креирање политики и подготовка на закони од страна на невладина организација,<br>- зголемување на рокот за консултација со засегнатите страни во процесот на подготовка извештајот за проценка на влијанието на регулативата и подготовката на предлозите на закони<br>- објавување на информација од одржани седници на Влада за утврдени предлози на закони, донесени одлуки и други мерки<br>- објавување на основни податоци за граѓански организации и деловни субјекти на веб страната на Централен регистар на РМ. | | | |
| Статус на реализација на заложба | незапочнато | ограничено | значително | завршено |
| | | | ■ | |
| Назив на достигнување | Кус опис на превземени активности и постигнати резултати по достигнување | | | |

| | |
|---|---|
| | - Врз основа на анализата за процесите на консултации при подготовка на предлог-закони која опфати преглед на законската и институционалната рамка за вклучување на јавноста во процесите на подготовка на законите; искуствата и капацитетите на органите на државната управа за спроведување на консултации со засегнатите страни и меѓународните стандарди и пракса за вклучување на јавноста во процесите на подготовка на законите се подготвија предлог Насоки за оценка на процесот на консултации со засегнатите страни при подготовка на предлог закони. Составен дел на насоките се Прашалник за оценка на процесот на консултации со засегнатите страни при подготовка на поединечни предлог закони (за администрација) и Прашалник за вклучување на јавноста во процесот на подготовка на предлог-закон (за засегнати страни)<br>- Во третиот кавртал на 2017 година ќе се спроведе консултација на Предлог насоките за оценка на процесот на консултации со засегнатите страни при подготовка на предлог закони, а очекувано е нивна примена да отпочне во 2018 година. |
| *1.1.1 Развој на методологија за следење, собирање и обработка на податоци за спроведени консултации во процесот на подготовка на предлог закони од страна на министерствата* | |
| *1.1.2. Изработка и објава на Годишен извештај за спроведени консултации во процесот на подготовка на предлог закони од страна на министерствата* | - Планирано е брз основа на насоките за оценка на процесот на консултации со засегнатите страни при подготовка на предлог закони преку поединечни квалитативни и квантитативни анализи за спроведените консултации за секој предлог закон од страна на органите на државната управа да се подготвува сумарен годишен извештај за процесот на консултации кој ќе содржи информации за релевантноста на консултациите и за перформансите на соодветните органи на државната управа во овој процес. |
| *1.1.3. Надворешно следење на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР)*<br>*-јавно објавени резултати и широко дистрибуирани до носителите на одлуки* | МЦМС продолжи со следење на објавување на предлог закони на ЕНЕР во 2017 г. Иако беше предвидено да биде објавен краток документ со резултати од следењето на ЕНЕР сепак поради малиот број предлог закони објавени на ЕНЕР, а и поради малиот број изгласани закони извештајот ќе се објави на крајот на 2017 или |

| | |
|---|---|
| | почетокот на 2018 година и ќе го опфати целиот период. Имено, во периодот јануари-јуни 2017 г. на ЕНЕР се објавени две известувања за почеток на процесот за изработка на закони. Малиот број на објавени предлог закони се должи на фактот што нова Влада се избра на 31.05.2017г.<br>Во периодот јануари-јуни до Собранието е доставен еден предлог-закон на предлог на Владата односно на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Предлог-закон за дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој е донесен од страна на Собранието, и истиот не беше претходно објавен за консултации на ЕНЕР. |
| *1.1.4. Зголемување на рокот за консултација со засегнатите страни во процесот на подготовка на предлог законите од страна на министерствата*<br>*- Зголемување на рокот од објавување на ЕНЕР на Известувањето за почетокот на процесот за подготовка на предлог законот до објава на нацрт на закон од 5 на 15 дена*<br>*- Зголемување на рокот за консултации на ЕНЕР по нацрт Извештај за ПВР и нацрт на закон од најмалку 10 на најмалку 20 дена* | Во планот 3-6-9 кој што го објави Владата на 5 јули 2017, предвидено е Зголемување на минималниот број денови за консултации на ЕНЕР од 10 на 20 дена, со измена на Деловникот за работа на Владата.<br>Владата на РМ, го усвои Деловникот за измена на Деловникот за работа на Владата на Република Македонија и рокот за консултации на ЕНЕР, се зголеми од 10 на 20 дена. Зголемувањето на рокот за консултации има за цел да поттикне поголемо учество на пошироката јавност при подготовка на прописите а на тој начин креаторите на политиките ќе носат одлуки засновани на аргументи и во консултација со сите засегнати страни. |
| *1.1.5 Објавување на Соопштение за јавност од одржани седници на Влада за утврдени предлози на закони, донесени одлуки и други мерки* | - Тековно, од страна на службата за односи со јавност во Владата на Република Македонија – Генерален секретаријат, јавноста се информира преку соопштенија во пишаните и електронските медиуми, како и на официјалната веб страна на Владата, за одржаните седници на Владата, за утврдените предлог Закони кои се доставуваат до Собранието на Република Македонија на усвојување, донесените одлуки (кои се објавуваат во Службен весник на Република Македонија), други одлуки кои не се објавуваат во Службен весник на РМ, но е потребно јавноста да биде информирана за истите, како и други мерки кои се однесуваат на различни права и обврски од страна на |

| | |
|---|---|
| | граѓаните на Република Македонија |
| ***1.1.6 Дефинирање на листа за објавување на основни (агрегирани) податоци за граѓански организации и деловни субјекти на веб страната на Централен регистар на РМ*** | Централниот регистар на РМ (ЦРРМ) дефинира листа на основни (агрегирани) податоци за граѓански организации и деловни субјекти кои би се објавувале на веб страната на ЦРРМ. Податоците ќе ги опфатат субјектите за кои ЦРРМ има податоци – трговски друштва и други правни лица, и тоа поделени по Организационен облик, Сектор на дејности (индустрија) и статистички региони, односно опфатени ќе бидат податоци за:<br>- Број на субјекти од трговскиот регистар и регистарот на други правни лица (основани и избришани во предметната година)<br>- Број на поднесени годишни сметки и финансиски податоци (приходи, расходи, вработени) за сите типови на обработка на годишни сметки (видови на обрасци и дополнително за непрофитни по секој организационен облик од глава- 10.0 - Општествени организации, фондации и здружение на граѓани) |
| ***1.1.7 Објавување на основни (агрегирани) податоци за граѓански организации и деловни субјекти на веб страната на Централен регистар на РМ*** | Во периодот јануари – јуни 2017 година изработени се сите предвидени податоци за објавување и започната е нивна контрола која се планира да заврши месец јули 2017 година, кога и податоците ќе се објават на веб страницата на Централен регистар на РМ. Предвидени податоци за објавување се:<br>- Број на субјекти од трговскиот регистар и регистарот на други правни лица (основани и избришани во предметната година, поединечно по НКД –сектор, организационен облик и статистички регион), за години 2015 и 2016<br>- Број на поднесени годишни сметки и финансиски податоци(приходи, расходи, вработени, поединечно по НКД –сектор и статистички регион) за сите типови на обработка (видови на обрасци и дополнително за непрофитни по секој организационен облик од глава- 10.0 - Општествени организации, фондации и здружение на граѓани) на годишни сметки, за години 2015 и 2016.“ |

| 1.2 Унапредување на соработката со граѓанскиот сектор | | |
|---|---|---|
| Почетен и краен датум на обврската (7/2016 – 1/2018) | | тековна обврска |
| Водечка институција за спроведување | | Генерален секретаријат на Влада на РМ |
| Име на одговорно лице во институцијата за спроведување | | Весна Василева |
| Функција, Одделение | | Помошник раководител на Сектор,<br>Сектор за анализа на политиките и координација |
| Email | | vesna.vasileva@gs.gov.mk |
| Телефон | | 00389 76 490 881, 00389 23 118 022 |
| Други вклучени субјекти | Органи на државна управа, самостојни органи на државна управа | Генерален секретаријат на Влада на РМ |
| | Невладин сектор, деловни субјекти, синдикати, стопански комори, здруженија и фондации | / |
| Состојба или проблем што се опфаќа со обврската | | Потреба за поактивно вклучување на граѓанските организации во дефинирање на политиките што го засегаат граѓанскиот сектор и поголема соработка во спроведување и следење на заеднички иницијативи. |
| Главна цел | | Унапредување на соработката на Владата со граѓанскиот сектор преку формирање на советодавното тело за соработка, дијалог и поттикнување на развојот на граѓанскиот сектор, партиципативно креирање политики преку зголемен број на иницијативи од граѓанските организации за годишната Програма за работа на Владата, согласно Кодексот за добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање на политики и |

| | |
|---|---|
| | продолжување на соработката преку партиципативна подготовка на новата Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор 2018-2022. |
| Кус опис на обврската | Формирање на Совет за соработка на Владата со граѓанскиот сектор и формирање на Советот<br>Објавување на повик за придонес на граѓанскиот сектор во подготвување на Годишната програма за работа на Владата;<br>Подготовка на новата Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор 2018-2022 преку партиципативно учество на граѓанските организации во работни групи, јавни дебати и други форми на консултации. |
| ОВП предизвик опфатен со обврската | Граѓанско учество |
| Поврзаност со Глобалните цели за одржлив развој | Врска со Цел 16 „Мир, правда и силни институции“,<br>Таргет 16.7: Да се обезбеди репрезентативно одлучување на сите нивоа, со кое ќе се реагира на проблемите, а ќе биде засновано на вклученост и партиципација на засегнатите страни.<br>Со мерките од оваа заложба се придонесува за поквалитетно одлучување од страна на креаторите на политики засновано на консултација со засегнатите страни , со посебна нагласка на учеството на граѓанското општество како важен чинител во градењето на политиките. |
| Важност | Граѓанско учество во процесот на креирање политики |
| Амбиција | - да се обезбеди подобро окружување за развој на граѓанскиот сектор;<br>- да се поттикне граѓански активизам во општествените процеси;<br>- да се зајакнат постојните и создадат нови механизми на соработка;<br>- да им се овозможи на граѓанските организации да придонесат кон процесите за економски развој, креирање на закони и политики, европска интеграција и кон развој на демократијата и задоволување на потребите на заедницата. |

<table>
<tr><td rowspan="2">Статус на реализација на заложба</td><td>незапочнато</td><td>ограничено</td><td>значително</td><td>завршено</td></tr>
<tr><td></td><td>■</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Назив на достигнување</td><td colspan="4">Кус опис на превземени активности и постигнати резултати по достигнување</td></tr>
<tr><td>1.2.1. Формирање на советодавно тело за унапредување на соработката, дијалогот и поттикнување на развојот на граѓанскиот сектор составено од претставници на Владата, органите на државната управа и ГО</td><td colspan="4">Во текот на 2015 година со цел воведување нов институционален механизам за соработка на Владата и органите на државната управа со граѓанскиот сектор, се спроведоа подготвителни активности за формирање на советодавно тело за унапредување на соработката, дијалогот и поттикнување на развојот на граѓанскиот сектор (подготвена е текст на предлог-одлука и спроведен е консултативен процес со граѓанскиот сектор).<br>Генералниот секретаријат - Одделение за соработка со невладини организации на 13 мај 2016 година (петок), организираше консултативна средба со граѓанскиот сектор за Предлог-одлуката за формирање на Совет за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор.<br>На 17 мај 2016 година, Владата на Република Македонија, ја донесе Одлуката за формирање на Совет за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор.<br>По донесување на одлуката, Владата на Република Македонија објави јавен повик за избор на 13 членови на Советот за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор од редот на здруженијата и фондациите.<br><br>Во Планот 3-6-9 на Владата на Република Македонија, во делот Граѓанско општество, предвидена е мерка „Воспоставување функционален Совет за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор, преку изменување на Одлуката за формирање на Совет за соработка и повторување на постапката за избор на членови на Советот во консултации со граѓанскиот сектор“. Процесот на консултации со граѓанскиот сектор е започнат со организирање консултативна средба на 13.7.2017 во Скопје, во Клубот на органите на управата.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| ***1.2.2. Унапредена примена на Кодексот за добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање на политики преку зголемување на бројот на иницијативи од граѓанскиот сектор за годишната Програма за работа на Владата на Република Македонија*** | Еднаш годишно, во август, Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија објавува повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Влада на Република Македонија. По објавениот повик, беа доставени 8 иницијативи од страна на граѓанскиот сектор, коишто Одделението за соработка со невладини организации ги проследи до ресорните министерства. Иницијативите од граѓанските организации и одговорите од министерствата се објавуваат на веб страницата на Одделението www.nvosorabotka.gov.mk |
| ***1.2.3. Партиципативна подготовка на новата Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор 2018-2022*** | Во Планот 3-6-9 на Владата на Република Македонија, во делот Граѓанско општество, предвидена е мерка „Оценка на актуелноста на нереализираните мерки и активности од Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2012-2017)". Подготвен е Извештај за преземените мерки и активности од Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2012-2017) и на 10.7.2017 година е доставен до ресорните министерства, Секретаријатот за европски прашања, Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор и Агенцијата за млади и спорт, со барање за негово дополнување со спроведени активности, оценка на актуелноста на нереализираните мерки и ажурирање на составот на мрежата на административни службеници одговорни за соработка со граѓанскиот сектор. |

<table>
<tr><th colspan="3">2.ОТВОРЕНИ ПОДАТОЦИ</th></tr>
<tr><th colspan="3">2.1 Креирање на стандарди за отворени податоци</th></tr>
<tr><td colspan="2">Почетен и краен датум на обврската<br>(7/ 2016 – 6/2018)</td><td>Нова обврска</td></tr>
<tr><td colspan="2">Водечка институција за спроведување</td><td>Министерство за информатичко општество и администрација</td></tr>
<tr><td colspan="2">Име на одговорно лице во институцијата за спроведување</td><td>Филип Маневски – координатор<br>Надица Јосифовски – заменик координатор<br>Владимир Радосављевиќ – заменик координатор</td></tr>
<tr><td colspan="2">Функција, Одделение</td><td>ИКТ Советник<br>ИКТ Советник<br>Помлад соработник</td></tr>
<tr><td colspan="2">Email</td><td>Filip.manevski@mioa.gov.mk<br>Nadica.Josifovski@mioa.gov.mk<br>vladimir.radosavljevik@mioa.gov.mk</td></tr>
<tr><td colspan="2">Телефон</td><td>+389(0)2 320-0870<br>+389(0)2 320-0878</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Други вклучени субјекти</td><td>Органи на државна управа, самостојни органи на државна управа</td><td>Министерството за информатичко општество и администрација</td></tr>
<tr><td>Невладин сектор, деловни субјекти, синдикати, стопански комори, здруженија и фондации</td><td>ЦУП, Фондација за интернет и општество-Метаморфозис, Реактор</td></tr>
<tr><td colspan="2">Состојба или проблем што се опфаќа со обврската</td><td>Во моментот во Македонија нема развиени стандарди за отворени податоци и секоја институција ги објавува податоците согласно своите технички можности. Притоа сродни податочни сетови од различни институции се случува да бидат објавени со различна структура и опис на податоците.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Главна цел</td><td>Воспоставување на стандарди за отворени</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | податоци со што ќе се овозможи стандардизирано објавување на податочните сетови од институциите и полесна обработка и користење на истите. |
| Кус опис на обврската | Развој на стандарди за отворени податоци најмалку во дефинирањето на стандардите за метаподатоците за отворените податоци. |
| ОВП предизвик опфатен со обврската | Создавање на поволна средина за полесна идентификација, обработка и консумирање на објавените податочни сетови. |
| Поврзаност со Глобалните цели за одржлив развој | Врска со Цел 16 „Мир, правда и силни институции“<br>Таргет 16.10: Да се обезбеди пристап до информации и заштита на фундаменталните слободи, во согласност со националното законодавство и меѓународните договори<br>Со мерките од оваа заложба се придонесува за унапредување на квалитетот и достапноста на информациите и податоците од јавен карактер преку нивна стандардизација. |
| Важност | Согласно Законот за користење на податоци од јавниот сектор институциите во Република Македонија се обврзани да ги објават во компјутерски читлив формат податоците од отворен карактер согласно своите технички можности. Во овој момент на порталот otvorenipodatoci.gov.mk имаме објавено 154 податочни сетови, бројка која со текот на времето очекуваме значително да се зголеми. Со тоа неопходен станува развојот на стандарди за отворените податоци со цел полесен пристап до информациите како и идентификација и употреба на објавените податочни сетови. Преку развојот на стандардите податочните сетови ќе се направат попристапни за граѓаните, полесни за развој на соодветни апликации на база на отворените податоци со што ќе се зголеми јавната одговорност на институциите. |
| Амбиција | Во оваа заложба се предвидува развој на стандарди за отворени податоци со што ќе се придонесе за полесна идентификација и употреба на отворените податоци. Со тоа граѓаните полесно ќе можат да ги идентификуваат податоците од интерес како и да |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | го следат нивното навремено ажурирање. | | | |
| Статус на реализација на заложба | незапочнато | ограничено | значително | завршено |
| | | | ■ | |
| Назив на достигнување | Кус опис на превземени активности и постигнати резултати по достигнување | | | |
| *2.1.1 Развој на стандарди за метаподатоци за отворени владини податоци* | Изготвена драфт верзија на стандардите за метаподатоци за отворени податоци. Во тек е нивно објавување на страната www.otvorenipodatoci.gov.mk за консултација со сите заинтересирани страни. | | | |

| **2.2 Подобрување на платформата за отворени податоци и нејзино приближување кон граѓаните** | | |
|---|---|---|
| Почетен и краен датум на обврската (7/ 2016 – 6/2018) | | Нова обврска |
| Водечка институција за спроведување | | Министерство за информатичко општество и администрација |
| Име на одговорно лице во институцијата за спроведување | | Филип Маневски – координатор<br>Надица Јосифовски – заменик координатор<br>Владимир Радосављевиќ – заменик координатор |
| Функција, Одделение | | ИКТ Советник<br>ИКТ Советник<br>Помлад соработник |
| Email | | filip.manevski@mioa.gov.mk<br>nadica.josifovski@mioa.gov.mk<br>vladimir.radosavljevik@mioa.gov.mk |
| Телефон | | +389(0)2 320-0870<br>+389(0)2 320-0878 |
| Други вклучени субјекти | Органи на државна управа, самостојни органи на државна управа | Министерството за информатичко општество и администрација<br>Државни институции кои објавуваат податоци на порталот www.otvorenipodatoci.gov.mk |
| | Невладин сектор, деловни субјекти, синдикати, стопански комори, здруженија и фондации | Слободен Софтвер |

| | |
|---|---|
| | |
| Состојба или проблем што се опфаќа со обврската | Во моментот во Македонија нема воспоставено лиценцен модел за отворени податоци, а на сајтот www.otvorenipodatoci.gov.mk податочните сетови се превземаат без лиценци.<br>На сајтот www.otvorenipodatoci.gov.mk постои можност да се чува историјат од податочните сетови кои се објавени и тоа при објавувањето на податоците е опција која е дадена на избор на самата институција која објавува одреден податочен сет. |
| Главна цел | Дефинирање/избор на лиценцен модел за отворени податоци и поставување на лиценците на порталот за отворени податоци.<br>Овозможување на поголема партиципативност и отчетност на порталот на отворени податоци преку воспоставување на архива на објавени податочни сетови. |
| Кус опис на обврската | Поставување на лиценците на порталот за отворени податоци за превземените податочни сетови.<br>Воспоставување на архива од сите податочни сетови според можностите на институцијата која ги објавува податочните сетови. |
| ОВП предизвик опфатен со обврската | Избор на лиценцен модел кој би бил најсоодветен за Македонија и негова имплементација на сајтот. Создавање на поволна средина за полесна идентификација и компарација на податочни сетови во различни временски моменти и утврдување на трендови на одредени податочни сетови. |
| Поврзаност со Глобалните цели за одржлив развој | Врска со Цел 16 „Мир, правда и силни институции“, Таргет 16.10: Да се обезбеди пристап до информации и заштита на фундаменталните слободи, во согласност со националното законодавство и меѓународните договори<br>Со мерките од оваа заложба се придонесува кон унапредување на пристапот, употребата и следењето на трендовите во однос на информациите и податоците од јавен карактер. |
| Важност | Согласно Законот за користење на податоци од јавниот сектор институциите во Република Македонија се обврзани да ги објават во компјутерски читлив формат податоците од |

| | |
|---|---|
| | отворен карактер согласно своите технички можности. Во овој момент на порталот otvorenipodatoci.gov.mk имаме објавено 154 податочни сетови, бројка која со текот на времето очекуваме значително да се зголеми. Со зголемувањето на бројот на отворени податочни сетови, се зголемува и потребата од воспоставување на соодветен лиценцен модел, кој ќе овозможи непречен пристап до податоците од отворен карактер, но истовремено ќе ги заштити институциите кои ги креираат податоците пред се преку спречување на злоупотреба на отворените податоци. |
| Амбиција | Во оваа заложба се предвидува воспоставување на лиценци за отворени податоци и воспоставување на архива на отворени податоци на сајтот www.otvorenipodatoci.gov.mk. Со тоа ќе се придонесе за полесна идентификација и употреба на отворените податоци, за полесно следење на трендовите во одредени области. Од друга страна, ќе се придонесе и за спречување на злоупотребата на податочните сетови и заштита на институциите кои ги продуцираат овие податочни сетови. |

| Статус на реализација на заложба | незапочнато | ограничено | значително | завршено |
|---|---|---|---|---|
| | | ■ | | |

| Назив на достигнување | Кус опис на превземени активности и постигнати резултати по достигнување |
|---|---|
| *2.2.1 Избор на лиценцен модел* | Во оваа фаза предложено е да се искористи Creative Commons лиценцниот модел, поточно CC-BY.<br>Во тек е изработка на детална техничка спецификација за надградба на порталот за отворени податоци со што треба да се затворат повеќе отворени прашања предвидени со овој акциски план. |
| *2.2.2 Имплементација на лиценцниот модел на сајтот www.otvorenipodatoci.gov.mk* | / |
| *2.2.3 Анализа на можностите за чување на податочните сетови во архива на сајтот www.otvorenipodatoci.gov.mk (по институција)* | / |

| | |
|---|---|
| ***2.2.4 Прилагодување на сајтот [www.otvorenipodatoci.gov.mk](http://www.otvorenipodatoci.gov.mk) за потребите на моделот архива на податочни сетови (по институција)*** | / |

| **2.3 Зголемување на свеста за отворени податоци** | | |
|---|---|---|
| Почетен и краен датум на обврската (7/ 2016 – 6/2018) | | Нова обврска |
| Водечка институција за спроведување | | Министерство за информатичко општество и администрација |
| Име на одговорно лице во институцијата за спроведување | | Филип Маневски – координатор<br>Надица Јосифовски – заменик координатор<br>Владимир Радосављевиќ – заменик координатор |
| Функција, Одделение | | ИКТ Советник<br>ИКТ Советник<br>Помлад соработник |
| Email | | Filip.manevski@mioa.gov.mk<br>Nadica.Josifovski@mioa.gov.mk<br>vladimir.radosavljevik@mioa.gov.mk |
| Телефон | | +389(0)2 320-0870<br>+389(0)2 320-0878 |
| Други вклучени субјекти | Органи на државна управа, самостојни органи на државна управа | Министерството за информатичко општество и администрација |
| | Невладин сектор, деловни субјекти, синдикати, стопански комори, здруженија и фондации | Слободен софтвер<br>Реактор |
| Состојба или проблем што се опфаќа со обврската | | Министерството за информатичко општество и администрација во текот на 2014 година постави модерна платформа за отворени податоци на која се објавуваат отворените податочни сетови од институциите. Од тогаш министерството одржа |

| | |
|---|---|
| | повеќе настани за промоција на порталот како и прв хакатон натпревар за развој на апликации на база на отворените податоци. И покрај тие активности, посетеноста на порталот е во просек од 700 поединечни посети месечно, далеку од посакуваните цели за посетеност. Ние сметаме дека ова се должи на недоволната популаризација на отворените податоци како концепт и малата свест кај граѓаните за значењето и потенцијалот на отворените податоци. |
| Главна цел | Главна цел на оваа заложба е популаризирање на концептот на отворени податоци и поттикнување на граѓанскиот сектор и приватните компании за поголемо користење на овие податоци преку презентација на потенцијалот и значењето на отворените податоци. |
| Кус опис на обврската | Кампања за популаризирање на отворените податоци кај граѓаните. |
| ОВП предизвик опфатен со обврската | Подигање на свеста за бенефитот од отворените податоци кај давателите (институциите) и корисниците (граѓаните и приватниот сектор) на податоците. |
| Поврзаност со Глобалните цели за одржлив развој | Врска со Цел 16 „Мир, правда и силни институции“, Таргет 16.10: Да се обезбеди пристап до информации и заштита на фундаменталните слободи, во согласност со националното законодавство и меѓународните договори<br>Со мерките од оваа заложба се придонесува кон унапредување на пристапот до информациите и податоците од јавен карактер преку подигнување на јавната свест за значењето и ползата од отворените податоци. |
| Важност | Од спроведените анализи и контакти со невладиниот сектор и граѓаните наше согледување е дека сеуште не се прави разлика помеѓу концептот на отворени податоци и концептот на слободен пристап до информации. Со цел зголемување на граѓанското учество и користење на отворените податоци, што би довело и до полесен пристап до информациите, јавна одговорност и поголема отвореност и отчет, сметаме дека е неопходно да се изврши дополнителна едукација на клучните чинители |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | во институциите како и поголема презентација и популаризација на концептот за отворени податоци меѓу граѓаните. | | | |
| Амбиција | Со оваа заложба се предвидува покренување на кампања за популаризација на концептот за отворени податоци. | | | |
| Статус на реализација на заложба | незапочнато | ограничено | значително | завршено |
| | | ■ | | |
| Назив на достигнување | Кус опис на превземени активности и постигнати резултати по достигнување | | | |
| ***2.3.1 Спроведување на анкета за запознаеност на граѓаните со концептот на отворени податоци*** | Отпочната е активност за подготовка на анкета за запознаеност на граѓаните со концептот на отворени податоци | | | |
| ***2.3.2 Одржување на обуки за идентификација и објавување на отворени податоци за најмалку 20 институции*** | / | | | |
| ***2.3.3 Спроведување на најмалку две рекламни кампањи за концептот за отворени податоци*** | / | | | |
| ***2.3.4 Одржување на најмалку еден натпревар – хакатон за развој на апликации на база на отворените податоци*** | / | | | |

| **2.4 Каталогизација и категоризација на податочните сетови на државните институции** | |
|---|---|
| Почетен и краен датум на обврската (7/ 2016 – 6/2018) | Нова обврска |
| Водечка институција за спроведување | Министерство за информатичко општество и администрација |
| Име на одговорно лице во институцијата за спроведување | Филип Маневски – координатор<br>Надица Јосифовски – заменик координатор<br>Владимир Радосављевиќ – заменик координатор |
| Функција, Одделение | ИКТ Советник<br>ИКТ Советник<br>Помлад соработник |
| Email | filip.manevski@mioa.gov.mk<br>nadica.josifovski@mioa.gov.mk<br>vladimir.radosavljevik@mioa.gov.mk |
| Телефон | +389(0)2 320-0870 |

| | | |
|---|---|---|
| | | +389(0)2 320-0878 |
| Други вклучени субјекти | Органи на државна управа, самостојни органи на државна управа | Министерство за информатичко општество и администрација |
| | Невладин сектор, деловни субјекти, синдикати, стопански комори, здруженија и фондации | ЦУП<br>Други НВО |
| Состојба или проблем што се опфаќа со обврската | | Во согласност со Член 7 од Законот за користење на податоците од јавниот сектор, органите и институциите од јавниот сектор се должни до Министерството за информатичко општество и администрација да достават во електронска форма каталог на податоците кои ги создаваат во остварувањето на своите надлежности кои ги објавуваат за користење, вклучувајќи и датум за објавување на податоците (по податочни сетови) за нивно користење, динамика на нивно ажурирање (дневно, неделно, месечно и квартално) и поединечен линк, односно веб локација до местото каде што органот или институцијата од јавниот сектор ги објавува податоците. Нашето искуство од досегашната имплементација на оваа одредба покажува дека на органите и институциите од јавниот сектор им е потребна дополнителна помош при изготвување на овие каталози. |
| Главна цел | | Спроведување интерна анализа од страна на сите државни институции кои по Законот за користење на податоци од јавниот сектор се задолжени да објавуваат отворени податоци и изработка на соодветен Каталог на податочни сетови за секоја институција опфатена со мерката. |
| Кус опис на обврската | | Оваа мерка подразбира спроведување интерна анализа од страна на сите државни институции кои по Законот за користење на податоци од јавниот сектор се задолжени да објавуваат |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | отворени податоци. Како резултат на интерната анализа, секоја институција треба да изработи свој Каталог на податочни сетови, како насока за тоа кои податочни сетови треба да ги прибира и објавува во иднина. Каталогот треба да се направи врз база на анализа на законската рамка која ја уредува работата на институцијата за водење на различни евиденции од нејзина надлежност, како и врз база на соработка со граѓанскиот и бизнис секторот од аспект на тоа кои специфични податоци од јавен интерес им се ним потребни. | | | |
| ОВП предизвик опфатен со обврската | Со креирање на каталогот на податочни сетови за секоја институција ќе се добие јасна слика за сите достапни податочни сетови од институциите кои потоа ќе може да се рангираат и приоретизираат за објавување на порталот за отворени податоци. | | | |
| Поврзаност со Глобалните цели за одржлив развој | Врска со Цел 16 „Мир, правда и силни институции“, Таргет 16.10: Да се обезбеди пристап до информации и заштита на фундаменталните слободи, во согласност со националното законодавство и меѓународните договори<br>Со мерките од оваа заложба се придонесува кон унапредување на пристапот, употребата и следењето на трендовите во однос на информациите и податоците од јавен карактер. | | | |
| Важност | Согласно Законот за користење на податоци од јавниот сектор институциите во РМ се обврзани да водат каталог на податочни сетови и за истото редовно да го известуваат Министерството за информатичко општество и администрација. Ова претставува централна заложба за воспоставување на одржлив раст и развој на платформата за отворени податоци. | | | |
| Амбиција | Како резултат на интерната анализа, секоја институција треба да изработи свој Каталог на податочни сетови, како насока за тоа кои податочни сетови треба да ги прибира и објавува во иднина. | | | |
| Статус на реализација на заложба | незапочнато | ограничено | значително | завршено |
| | ■ | | | |
| Назив на достигнување | Кус опис на превземени активности и постигнати резултати по достигнување | | | |

| | |
|---|---|
| *2.4.1 Идентификација на институциите кои се опфатени со оваа мерка согласно одредбите од Законот* | / |
| *2.4.2 Анализа на податочните сетови во институциите* | / |
| *2.4.3 Креирање на централниот каталог на податочни сетови од сите институции* | Датум на започнување 10/2017 |
| *2.4.4 Приоритизација на податочни сетови за објавување и изготвување на план за објавување* | Датум на започнување 01/2018 |

| **2.5 Линкување на отворените податоци на порталите на државните институции** | | |
|---|---|---|
| Почетен и краен датум на обврската<br>(31 јули 2016 – 30 јуни 2018) | | Нова обврска |
| Водечка институција за спроведување | | Министерство за информатичко општество и администрација |
| Име на одговорно лице во институцијата за спроведување | | Филип Маневски – координатор<br>Надица Јосифовски – заменик координатор<br>Владимир Радосављевиќ – заменик координатор |
| Функција, Одделение | | ИКТ Советник<br>ИКТ Советник<br>Помлад соработник |
| Email | | filip.manevski@mioa.gov.mk<br>nadica.josifovski@mioa.gov.mk<br>vladimir.radosavljevik@mioa.gov.mk |
| Телефон | | +389(0)2 320-0870<br>+389(0)2 320-0878 |
| Други вклучени субјекти | Органи на државна управа, самостојни органи на државна управа | Министерство за информатичко општество и администрација<br>Органи и институции од јавниот сектор кои имаат објавено податочни сетови на порталот за отворени податоци |
| | Невладин сектор, деловни субјекти, синдикати, стопански комори, здруженија и фондации | / |

| | |
|---|---|
| Состојба или проблем што се опфаќа со обврската | Полесна идентификација и пронаоѓање на објавените податочни сетови директно од веб страните на институциите сопственици на податоците. |
| Главна цел | Секоја институција која објавува отворени податоци на порталот, да има посебна секција на својата веб страница за отворени податоци, каде ќе бидат излистани податочните сетови кои ги има објавено, со соодветен линк до централниот портал за отворени податоци. |
| Кус опис на обврската | Симулирајќи обичен граѓанин кој бара одредени податоци на порталите на државните институции (претпоставувајќи дека таму истите ќе смета дека може да ги најде), ќе се соочиме со ситуација граѓанинот да не успее да најде потребни податоци, иако истите се објавени на порталот за отворени податоци. Според тоа, потребно е секоја институција која објавува отворени податоци на порталот, да има посебна секција на својата веб страница за отворени податоци, каде ќе бидат излистани податочните сетови кои ги има објавено, со соодветен линк до централниот портал за отворени податоци. |
| ОВП предизвик опфатен со обврската | Полесна идентификација и пронаоѓање на објавените податочни сетови директно од веб страните на институциите сопственици на податоците. |
| Поврзаност со Глобалните цели за одржлив развој | Врска со Цел 16 „Мир, правда и силни институции“<br>Таргет 16.10: Да се обезбеди пристап до информации и заштита на фундаменталните слободи, во согласност со националното законодавство и меѓународните договори<br>Со мерките од оваа заложба се придонесува кон унапредување на пристапот и употребата податочни сетови на институциите сопственици на податоците. |
| Важност | Со имплементацијата на оваа мерка ќе се обезбеди сеопфатен пристап кон објавувањето и консумирањето на објавените податочни сетови. Со тоа ќе се елиминираат случаите на двојно објавени податочни сетови. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Амбиција | Објавување на сите податочни сетови централно на порталот за отворени податоци, и поставување на директни линкови до тие податочни сетови на веб порталите на институциите сопственици на податоците. | | | |
| Статус на реализација на заложба | незапочнато | ограничено | значително | завршено |
| Назив на достигнување | Кус опис на превземени активности и постигнати резултати по достигнување | | | |
| ***2.5.1 Поставување на директни линкови на веб порталите на институциите сопственици на податоците до нивните податочни сетови објавени на порталот за отворени податоци*** | / | | | |

| | | |
|---|---|---|
| **3. СЛОБОДА НА ИНФОРМАЦИИ** | | |
| **3.1 Унапредување и олеснување на пристапот до информации** | | |
| Почетен и краен датум на обврската (7/ 2016 – 6/ 2018) | | тековна обврска |
| Водечка институција за спроведување | | Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер |
| Име на одговорно лице во институцијата за спроведување | | Оливер Серафимовски, координатор<br>Цвета Трајковска, заменик координатор<br>Инџи Хоџа, заменик координатор |
| Функција, Одделение | | Помлад соработник, Одделение за соработка со имателите на информации и информирање на јавноста<br>Раководител на Одделение за аналитика и едукација на барателите и имателите од јавен карактер<br>Помлад соработник, Одделение за постапки по жалби, правни и општи работи |
| Email | | oliverserafimovski@komspi.mk<br>cveta@komspi.mk<br>inxhihoxha@komspi.mk |
| Телефон | | 02/3118-038 |
| Други вклучени субјекти | Органи на државна управа, самостојни органи на | Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер |

| | | |
|---|---|---|
| | државна управа | |
| | Невладин сектор, деловни субјекти, синдикати, стопански комори, здруженија и фондации | Центар за граѓански комуникации, Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените (ЕСЕ) и Фондација отворено општество-Македонија |
| Состојба или проблем што се опфаќа со обврската | | Ограничениот пристап до информациите од јавен карактер, односно молкот на имателите на информации, поради непостапувањето на имателите на информации по барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер во законски предвидениот рок од 30, односно 40 дена, е главната причина за неимплементирање на Законот за СПИЈК, граѓаните се недоволно информирани за нивното загарантирано право на пристап до информации од јавен карактер. Имателите на информации од јавен карактер, како главни чинители за спроведување на заложбите, сеуште не се доволно транспарентни во своето работење, со тоа што информациите со кои располагаат не ги објавуваат на своите веб локации, со што документите кои ги поседуваат не се во целост достапни до граѓаните, односно барателите на информации од јавен карактер. Граѓанскиот сектор своите активности ги насочува кон подобрување на имплементацијата на Законот за СПИЈК, анализирајќи го проактивното објавување на информациите од јавен карактер на веб локациите на имателите, развивајќи и спроведувајќи кампањи и обуки за граѓаните, промовирајќи го правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер. |
| Главна цел | | Афирмирање и унапредување на пристапот до информации од јавен карактер преку соработка и заедничка промоција на правото за пристап до информации, поддржано од владиниот и граѓанскиот сектор. |
| Кус опис на обврската | | Подобрување на пристапот до информациите преку проактивно објавување на информациите |

| | |
|---|---|
| | од јавен карактер, преземање на мерки за зголемување на пристап до информациите од јавен карактер, информираноста на граѓаните, како и подобрување на Законот за СПИЈК се клучни фактори за имплементација на законот и уставното загарантирано право (член 16 од Уставот на Република Македонија) |
| ОВП предизвик опфатен со обврската | Подобра имплементација на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер со активно вклучување на имателите на информации и граѓаните. |
| Поврзаност со Глобалните цели за одржлив развој | Врска со Цел 16 „Мир, правда и силни институции“, Таргет 16.10: Да се обезбеди пристап до информации и заштита на фундаменталните слободи, во согласност со националното законодавство и меѓународните договори<br>Со мерките од оваа заложба се придонесува за унапредување на пристапот до информации од јавен карактер преку поефикасно спроведување на законите и подобра информираност на граѓаните. |
| Важност | Добрата практика на соработката помеѓу имателите на информации од јавен карактер и граѓанскиот сектор е клучна за добро владеење и претставува важен фактор за транспарентно работење и имплементирање на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер. Афирмирањето и унапредувањето на воспоставените практики и процедури за креирање на политики во врска со пристапот до информации од јавен карактер поддржани од имателите на информации и граѓанскиот сектор претставуваат основа за унапредување на транспарентноста и одговорноста на Комисијата за ЗПСПИЈК и имателите на информации пред јавноста. |
| Амбиција | Соработката со имателите на информации и граѓанскиот сектор придонесуваат кон подобра имплементација на Законот, транспарентност, отвореност и отчетност на институциите за нивното функционирање, градење на меѓусебната доверба, развивање на квалитетот на демократијата.<br>Со овие мерки се очекува во период од две години |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | да се подобри имплементацијата на Законот, да се зголеми бројот на граѓани кои го оствариле правото на слободен пристап до информации од јавен карактер и бројот на институции кои го спровеле Законот. | | | |
| Статус на реализација на заложба | **незапочнато** | **ограничено** | **значително** | **завршено** |
| Назив на достигнување | Кус опис на превземени активности и постигнати резултати по достигнување | | | |
| Статус на реализација на достигнување | **незапочнато** | **ограничено** | **значително** | **завршено** |
| **3.1.1.Проактивно објавување на информации од јавен карактер**<br><br>-Подготовка на Упатство за проактивност на објавување на информации од јавен карактер<br>-Препорака за проактивност подготвена од Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер<br>-Објавување на веќе побарани/дадени информации од јавен карактер на нивните веб локации<br>-Промовирање на електронското поднесување на барањата за пристап до информациите од јавен карактер<br><br>**3.1.1.Проактивно објавување на информации од јавен карактер**<br><br>-Индекс на следење на проактивност за објавување на информации од јавен карактер на веб локациите на имателите | Изготвени Упатство за проактивност на објавување на информации од јавен карактер, Препорака за проактивност подготвена од Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер и Препорака за објавување на веќе побарани/дадени информации од јавен карактер на нивните веб локации. Истите се поставени на веб локацијата на Комисијата и ќе се достават до имателите на информации (Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер)<br>Комисијата во континуитет го промовира електронското поднесување на барањата за пристап до информациите од јавен карактер. (Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер)<br><br>Центар за Граѓански комуникации - Индекс на активнаТранспарентност 2017 | | | |
| Статус на реализација на достигнување | **незапочнато** | **ограничено** | **значително** | **завршено** |
| **3.1.2. Мерки за зголемување на пристапот до информации од јавен карактер**<br><br>-Следење на спроведувањето на „тестот на штетност„ како законска обврска од страна на имателите | Во 2017 година ќе продолжи со следење на спроведувањето на „тестот на штетност„ како законска обврска од страна на имателите. (Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер) | | | |

| Статус на реализација на достигнување | незапочнато | ограничено | значително | завршено |
|---|---|---|---|---|
| **3.1.2. Мерки за зголемување на пристапот до информации од јавен карактер**<br><br>-Обуки за функционерите или раководните лица врз основа на утврдени слабости во примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер<br>-Прирачник за спроведување на тестот на штетност<br>**3.1.3. Развивање и спроведување на медиумска кампања за промоција на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер**<br><br>-Формирање на работна група за подготовка и дефинирање на план за спроведување на кампањата<br>-Спроведување на развиениот план за кампањата<br>-Кампањата ќе има цел да ги запознае граѓаните за правата кои произлегуваат од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и јавните институции за обврската за проактивност и реактивност во нивното работење | -Обуките за функционерите или раководните лица врз основа на утврдени слабости во примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ќе отпочнат да се спроведуваат од 2017 година.<br><br>-ФООМ<br><br>-Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените (ЕСЕ), Комисија за ЗПСПИЈК | | | |

| 4.СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА И ПРОМОВИРАЊЕ НА ДОБРОТО ВЛАДЕЕЊЕ | |
|---|---|
| **4.1 Имплементација на Законот за заштита на укажувачи и јакнење на свеста за укажувањето** | |
| Почетен и краен датум на обврската<br><br>(7/2016 – континуирано) | Нова но наследува претходна мерка од Акцискиот план 2014-2016 |
| Водечка институција за спроведување | Државна комисија за спречување на корупцијата |
| Име на одговорно лице во институцијата за спроведување | 1. Весна Донева<br><br>2. Владимир Георгиев |

<table>
<tr><td colspan="2">Функција, Одделение</td><td>1. Советник за аналитика<br>2. Државен советник<br>Сектор за програми, аналитика, меѓународна соработка и административни работи<br>Секретаријат на ДКСК</td></tr>
<tr><td colspan="2">Email</td><td>vdoneva@dksk.org.mk<br>vgeorgiev@dksk.org.mk</td></tr>
<tr><td colspan="2">Телефон</td><td>3215-377<br>075 273-023<br>070/342 782</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Други вклучени субјекти</td><td>Органи на државна управа, самостојни органи на државна управа</td><td>Министерство за правда и институции од јавниот и приватниот сектор</td></tr>
<tr><td>Невладин сектор, деловни субјекти, синдикати, стопански комори, здруженија и фондации</td><td>Транспарентност Интернешнл Македонија и други ГО</td></tr>
<tr><td colspan="2">Состојба или проблем што се опфаќа со обврската</td><td>Примената на Законот за заштита на укажувачи и на подзаконските акти коишто произлегуваат од него, започна на 18.03.2016 година.<br>Со Законот за заштита на укажувачите на лицата кои се јавуваат во својство на укажувач им се гарантира заштита дека поради пријавувањето нема да бидат повредени нивните права, нема да им биде нанесена штета ним или на блиско лице и ќе уживаат заштита на нивните лични податоци и идентитетот.<br>За имплементација на законот потребно е воспоставување и градење на систем за заштита на пријавувањето преку кој лицата ќе се</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | осмелуваат да пријават незаконито, недозволиво или казниво постапување и ќе се им се обезбеди амбиент за пријавување без страв од последици по нивната безбедност, работното место или благосостојбата на нивните блиски. |
| Главна цел | Ефикасна имплементација на Законот за заштита на укажувачи |
| Кус опис на обврската | Имплеметацијата на Законот за заштита на укажувачи и подзаконските акти кои произлегуваат од него, преку воспоставување и градење на систем и механизми за заштитено пријавување и заштита на укажувачите, е од особено значење за јакнење на институционалната борба против корупцијата и воопшто за спречување на корупцијата како општествено штетна појава. Преку јакнењето на јавната свест за заштитеното пријавување, заштитата на укажувачите и нивното значење за превенција и борба против корупцијата и заштитата на јавниот интерес, ќе се поттикне и охрабри пријавувањето на казниво или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува јавниот интерес. |
| ОВП предизвик опфатен со обврската | Зголемување на јавната одговорност, интегритетот и довербата во јавниот и приватниот сектор |
| Поврзаност со Глобалните цели за одржлив развој | Врска со Цел 16 „Мир, правда и силни институции“, Таргет 16.5: Значително намалување на сите форми на корупција и поткуп.<br><br>Со мерките од оваа заложба се придонесува кон превенција и борба против корупцијата и заштитата на јавниот интерес преку ефикасна примена на системот на заштитеното пријавување и заштитата на укажувачите. |
| Важност | Законот за заштита на укажувачи („Службен весник на Република Македонија“ број 196/2015), е донесен на 09.11.2015 година, а со истиот се уредуваат заштитеното пријавување во јавниот и приватниот сектор, правата на укажувачите, како и постапувањето и должностите на институциите, односно правните лица во врска со заштитено пријавување и обезбедувањето |

| | |
|---|---|
| | заштита на укажувачите. Во март 2016 година Министерот за правда ги донесе подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за заштита на укажувачи: Правилник за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ број 46/16), Правилник за надворешно пријавување („Службен весник на Република Македонија“ број 46/16) и Правилник за насоки за донесување на внатрешни акти за заштитено внатрешно пријавување во правното лице во приватниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ број 46/16). Примената на Законот за заштита на укажувачи и на подзаконските акти коишто произлегуваат од него започна на 18.03.2016 година.<br><br>На меѓународен план постојат повеќе акти како основа за донесување на законско решение со кое ќе се регулира пријавувањето и заштитата на пријавувачите како што се Конвенцијата на Обединетите Нации за борба против корупцијата, Цивилната конвенција за спречување корупција и Казнената конвенција за корупција на Советот на Европа, Нацрт- резолуција од 2009 година за заштита на лица кои пријавуваат нерегуларности на Парламентарното собрание на Советот на Европа.<br><br>Конвенцијата на Обединетите нации упатува на институтот „Заштита на укажувачи“ (whistleblower protection) во антикорупциската правна рамка. Со донесувањето на Законот за заштита на укажувачите и со донесувањето на подзаконските акти кои произлегуваат од истиот, надградена е македонската антикорупциска правна рамка.<br><br>Борбата против корупцијата ќе биде зајакната со воспоставување на системот на заштитено пријавување и системска институционална заштита на лицата кои пријавуваат сомневање или сознание дека е извршено, се извршува или е веројатно дека ќе се изврши казниво или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува јавниот интерес. |

<table>
<tr><td rowspan="1">Амбиција</td><td colspan="4">Преку воспоставување на систем за заштитено пријавување и системска заштита на укажувачите, се очекува успешна примена на законот. Спроведувањето и резултатите од спроведувањето на Законот ќе се утврди согласно Методологијата за оценка на спроведувањето на регулативата и ќе се преземат мерки за унапредување на примената на Законот за заштита на укажувачи.<br>Со оваа заложба се очекува зголемена доверба во институциите од аспект на пријавувањето во истите за случаи на казниво или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува јавниот интерес, а со тоа и зголемен број на пријави од укажувачи. Ќе се зајакне јавната свест за укажувањето и ќе се зголеми информираноста на граѓаните за значењето на укажувачите во превенцијата и борбата против корупција и заштитата на јавниот интерес.</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Статус на реализација на заложба</td><td>незапочнато</td><td>ограничено</td><td>значително</td><td>завршено</td></tr>
<tr><td></td><td>■</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Назив на достигнување</td><td colspan="4">Кус опис на превземени активности и постигнати резултати по достигнување</td></tr>
<tr><td>4.1.1. Примена на законот и подзаконските акти за заштитено пријавување (определување овластени лица за прием на пријави од укажувачи од институциите)</td><td colspan="4">На 18 март 2016 година започна примената на Законот за заштита на укажувачи, како и примената на подзаконските акти кои произлегуваат од него.<br>- Постапувајќи во согласност со надлежностите утврдени во Законот за заштита на укажувачите, ДКСК презеде активности во насока на градење на системот на заштита на укажувачите за заштитено внатрешно и надворешно пријавување. Во април 2016 година ДКСК назначи овластено лице за прием на пријави од укажувачи во ДКСК. По започнувањето на примената на Законот и подзаконските акти што произлегуваат од него, институциите започнаа да доставуваат до ДКСК известувања за назначени овластени лица за прием на пријави од укажувачи. Постапувајќи во согласност со член 2 став (1) од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор, до крајот на 2016 година, вкупно 29 институции</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | од јавниот сектор доставија известување за овластено лице за прием на пријави од укажувачи. Известување за овластено лице доставија и 20 институции од приватниот сектор, иако според Законот не се обврзани да достават такво известување до ДКСК.<br>-До јуни 2017 година, до Државната комисија за спречување на корупцијата, известување за определување на овластено лице за прием на пријави од укажувачи доставија 3 институции од јавниот сектор.<br>Во согласност со Законот за заштита на укажувачите и Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор, во институциите каде нема овластено лице, заштитеното внатрешно пријавување се врши до раководното лице. |
| ***4.1.2. Јакнење на капацитетите на овластените лица за прием на пријави од укажувачи за ефикасно спроведување на законот преку обуки и работилници*** | -Активности во насока на имплементација на оваа мерка се предвидени со Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и превенција и намалување на појавата на судир на интереси, со Акционен план 2016-2019.<br>-Во рамките на проектот финансиран од ЕУ „Зајакнување на националните капацитети за борба против организиран криминал и корупција“, во кој ДКСК е една од институциите корисници, во текот на мај-јуни 2017 година беа реализирани активности на техничко и содржинско финализирање на платформата за е-учење, започната во рамките на Твининг проект ИПА 2010 „Поддршка за ефикасна превенција и борба против корупција”. Во содржината на е-учењето, една од темите е и заштита на укажувачите.<br>-Во насока на јакнење на капацитетите на институциите за ефикасно спроведување на Законот за заштита на укажувачите се и обуките на тема „Антикорупциски мерки и етика во државната служба“ кои ДКСК ги спроведува во рамки на годишната програма за генерички обуки на административни службеници, во организација на МИОА |
| ***4.1.3. Годишни извештаи за примени*** | - Постапувајќи во согласност со одредбите од |

| | |
|---|---|
| ***пријави од укажувачи (податоци за институции и број на примени пријави од укажувачи)*** | Законот за заштита на укажувачите, 42 институции од јавниот сектор до ДКСК доставија полугодишен извештај за периодот 13. 03.-30. 06. 2016 година, додека за периодот 01. 07.-31. 12. 2016 година полугодишни извештаи за примени пријави од укажувачи доставија вкупно 18 институции од јавниот сектор.<br>Годишни извештаи не се доставени заради периодот на примена на законот.<br>Од сите доставени извештаи е видно дека во наведениот период не поднесена ниту една пријава од укажувач во институциите.<br>- Во текот на првата половина на 2017 година, од сите доставени извештаи до Државната комисија за спречување на корупцијата видно е дека во наведениот период, не е поднесена ниту една пријава од укажувач во институциите. |
| ***4.1.4 Јакнење на свеста за укажувањето (кампањи и јавни дебати, прирачник)*** | -Активности во рамки на ИПА 2010 Твининг проектот „Поддршка за ефикасна превенција и борба против корупцијата“:<br>изготвен е Прирачник за заштита на укажувачи, кој е објавен на веб-локацијата на Државната комисија за спречување на корупцијата.<br>спроведени се 2 петдневни работилници на тема „Нови методи за заштита на укажувачи, соработници на правдата и лица со прикриен идентитет за следење и собирање на информации или податоци”, на кои учествуваа судии, јавни обвинители, полициски службеници и службеници на финансиската полиција,<br>на 10.03.2016 година во Скопје се одржа Конференција на тема „Усогласено управување и превенција на корупција во приватниот сектор“, на која беа презентирани Законот за заштита на укажувачи и подзаконските акти кои произлегуваат од него.<br>Активности организирани и реализирани или поддржани од Регионалната анти-корупциска иницијатива (РАИ):<br>* Македонија е земја-членка на РАИ од 2007 година и придонесува во функционирањето и реализацијата на активностите организирани и реализирани или поддржани од РАИ со редовно плаќање на членарина, со активно учество на претставниците во Управната група на РАИ и |

| | |
|---|---|
| | редовно учество и присуство на претставници на македонски институции на сите настани организирани и реализирани или поддржани од РАИ.<br>Формирање и Прв состанок на Коалицијата на Југо-источна Европа за заштита на укажувачи (Southeast Europe Coalition on Whistleblower Protection), 9-10 ноември 2015 година, Белград<br>Работилница на тема Пријавување корупција и заштита на укажувачи, 10-11 мај 2016 година, Ракитје<br>Втор годишен состанок на Коалицијата на Југо-источна Европа за заштита на укажувачи, 14 ноември 2015 година, Загреб<br>Презентација на документарен филм продуциран во рамки на програма на РАИ "Медалот на гласните", 6 декември 2016 година, Белград<br>Активности организирани од Институт за стратешки истражувања и едукација:<br>4 тркалезни маси – дискусии спроведени во декември 2016 година, во рамки на проект финансиран од ЕУ „Ќе има ли свиркачи на Универзитетите: Можностите од Законот за заштита на укажувачи за спречување на корупцијата во високо образование на Република Македонија."<br>Активности организирани од Транспаренси Интернешнл - Македонија:<br>-На 11 април 2016 година работилница на тема „Нормативната и институционална рамка за заштита на укажувачите во Македонија". На работилницата 24 претставници од засегнатите страни имаа можност да дискутираат на оваа тема и дадат свој личен придонес.<br>-На 27 септември 2016 година работилница на тема „Усогласување на Законот за заштита на укажувачи со препораките на Венецијанската комисија". На работилницата се дискутираше за потребата од усогласување со препораките на Венецијанската комисија, за кои ќе се предложат модалитети или алтернативи со кои овие препораки би можеле да бидат вградени. На работилницата присуствуваа 41 претставник од институциите, бизнис секторот, граѓански сектор и медимите. |

| | |
|---|---|
| | -Тркалезна маса на тема „Спроведувањето на Законот за заштита на укажувачи – искуства и предизвици“ која се одржа на 14 ноември 2016 година. На настанот присуствуваа 65 претставници од институции, невладини организации и медиуми каде присутните можеа да дискутираат за имплементацијата на законот и предизвиците со кои се соочуваат институциите.<br>-Спроведена е кампања за подигање на јавната свест на граѓаните на Р. Македонија каде преку:<br>Поставување на билборди на три локации во Скопје<br>Поставување на банер на интернет портал<br>Печатење на лого со порака „Пријавување без последици“ на постери, лифлети, свирчиња,<br>Објави во печатени медиуми и инсертирање на флаери во дневен весник каде граѓаните беа информирани за законските и институционални механизми за заштитено укажување;<br>-ТИ-М спроведе серија на активности за јавно застапување со цел остварување на соработка со надлежните институции (ДКСК, Министерство за внатрешни работи, Јавно обвинителство на РМ и Народен правобранител) за надворешно пријавување согласно Законот за заштита на укажувачи.<br>-ТИ-М во 2016 година во соработка со истражувачки новинари објави десет истражувачки стории засновани на пријави од страна на укажувачи кои беа ре-објавени 78 пати во медиуми на македонски и албански јазик.<br>Во финалната публикација е опишана состојбата во Република Македонија од аспект на проблемот и потребата за носење на закон за заштита на укажувачите, правната рамка за заштита на укажувачите, имплементацијата на Законот за заштита на укажувачите и објавените истражувачки новинарски стории. Оваа публикација беше писмено доставена во 200 примерока до сите засегнати страни.<br>МЦМС во рамките на Програмата на УСАИД за антикорупција го преведе на македонски Водичот за добри практики за лица кои пријавуваат од Обединетите Нации. |

| | |
|---|---|
| | -Водичот е достапен во електронски формат на веб страната на МЦМС, http://www.mcms.org.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/1875-vodich-za-dobri-praktiki-za-zashtita-na-licata-koi-prijavuvaat.html и во 300 печатени примероци. Дел од примероците се споделуваат на настани организирани од страна на МЦМС, а остатокот во наредниот период ќе бидат испратени до засегнати страни.<br>-На 24.03.2017 година, во Скопје, одбележан е Меѓународниот ден на укажувачите и ден на слободниот говор, во организација на Коалицијата на Југо-источна Европа за заштита на укажувачи и Центарот за истражувачко новинарство –СКУП Македонија<br>-Во рамките на проектот финансиран од ЕУ „Зајакнување на националните капацитети за борба против организиран криминал и корупција“ во кој ДКСК е една од институциите корисници, обезбедена е експертска поддршка за изготвување на Стратегија за јакнење на мислењето на јавноста за позитивниот контекст на Законот за заштита на укажувачите. Истата се очекува да биде донесена до крајот на 2017 година. |

| 4.2 Отворени податоци за имотната состојба на избрани и именувани лица | |
|---|---|
| Почетен и краен датум на обврската (2017 –2018) | нова |
| Водечка институција за спроведување | Државна комисија за спречување на корупцијата |
| Име на одговорно лице во институцијата за спроведување | 1. Весна Донева<br>2. Владимир Георгиев |

<table>
<tr><td colspan="2">Функција, Одделение</td><td>1. Советник за аналитика<br>2. Државен советник<br><br>Сектор за програми, аналитика, меѓународна соработка и административни работи<br>Секретаријат на ДКСК</td></tr>
<tr><td colspan="2">Email</td><td>vdoneva@dksk.org.mk<br>vgeorgiev@dksk.org.mk</td></tr>
<tr><td colspan="2">Телефон</td><td>3215-377; 075 273-023; 070/342 782</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Други вклучени субјекти</td><td>Органи на државна управа, самостојни органи на државна управа</td><td>/</td></tr>
<tr><td>Невладин сектор, деловни субјекти, синдикати, стопански комори, здруженија и фондации</td><td>/</td></tr>
<tr><td colspan="2">Состојба или проблем што се опфаќа со обврската</td><td>ДКСК ги објавува податоците за имотната состојба и промените на имотната состојба на избраните и именувани лица, но поради непостоење на софтверско решение, не постои можност за увид и историски преглед на сите пријавени промени во имотната состојба од моментот на стапување на функција до престанокот на вршење на функцијата на избраните и именуваните лица.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Главна цел</td><td>Зголемена отчетност на избраните и именувани лица и зголемена информираност на јавноста за нивната имотна состојба</td></tr>
<tr><td colspan="2">Кус опис на обврската</td><td>Отвореноста на податоците за анкетните листови на избраните и именувани лица преку нивно хронолошко објавување и историски преглед во континуитет, е клучна за целосен увид и приказ</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | на имотната состојба и промените во имотната состојба на избраните и именувани лица од моментот на стапување на функција до престанокот на вршење на функцијата. Предуслов за остварување на обврската е дизајнирање и воспоставување на софтверско решение преку кое ќе се овозможи увид на податоците во форма на отворени податоци. |
| ОВП предизвик опфатен со обврската | Зголемена отвореност на податоците за имотната состојба на избрани и именувани лица |
| Поврзаност со Глобалните цели за одржлив развој | Врска со Цел 16 „Мир, правда и силни институции“, Таргет 16.5: Значително намалување на сите форми на корупција и поткуп.<br><br>Со мерките од оваа заложба се придонесува кон превенција и борба против корупцијата и заштитата на јавниот интерес преку зголемување на отчетноста и одговорноста на избраните и именуваните лица кон граѓаните. |
| Важност | Во согласност со член 35 од Законот за спречување на корупцијата, податоците од анкетниот лист и од пријавата за промена во имотната состојба претставуваат информации од јавен карактер, освен податоците заштитени со закон. Податоците од анкетните листови и од пријавите за промена во имотната состојба, освен податоците заштитени со закон на лицата од членот 33 став (1) на овој закон, се објавуваат на веб страницата на ДКСК.<br><br>Со измените и дополнувањата на Законот за спречување на корупцијата од јуни 2015 година, ДКСК води регистар на избрани и именувани лица, кој претставува единствена база на податоци за овие лица.<br><br>Со имплементацијата на овие норми, доставувањето на податоците до ДКСК за верификација на мандатот, изборот односно именувањето како и за престанокот на функцијата, односно должноста, станува обврска на институциите и органите кои вршат избори и именувања, со што во целост ќе се надмине проблемот за целосно и веродостојно евидентирање на носителите на јавните |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | функции. ДКСК интензивно ги презеде сите активности за воспоставување на електронска база на податоци за избрани и именувани лица. Сите овие активности се спроведуваат синхронизирано со активностите во рамки на компонентата 6 од ИПА ТВИНИНГ Проектот "Поддршка за ефикасна превенција и борба против корупцијата"од каде треба да произлезе ИТ решението за регистарот на избраните и именувани лица. Следењето на имотната состојба и промените во имотната состојба на избраните и именувани лица е основна алатка за развивање на интегритетот на избраните и именуваните лица. Информациите кои за ова им се обезбедуваат на граѓаните потребно е да бидат релевантни. Оттука, важно е ДКСК да и овозможи на јавноста не само увид во моменталната состојба туку да се следи и промената на состојбата. | | | |
| Амбиција | Целосниот увид и следењето на имотната состојба и промените во имотната состојба ќе ја зголеми отчетноста и одговорноста на избраните и именуваните лица. Отвореноста на податоците за анкетните листови е можност и за олеснување на анализите на граѓанските организации кои се во улога на набљудувачи и кои алармираат за можни ризици и злоупотреби. | | | |
| Статус на реализација на заложба | незапочнато | ограничено | значително | завршено |
| | | ■ | | |
| Назив на достигнување | Кус опис на превземени активности и постигнати резултати по достигнување | | | |
| ***4.2.1. Создавање технички услови за објавување на анкетните листови во форма на отворени податоци (креирано и воспоставено софтверско решение)*** | Податоците од анкетните листови се јавно достапни на веб страницата на ДКСК, освен податоците кои се заштитени со закон. Во 2016 како дел од софтверското решение за регистарот на избрани и именувани лица, во рамките на ИПА Твининг проектот „Поддршка за ефикасна превенција и борба против корупцијата", изработено е софтверско решение за електронско пополнување и доставување на обрасците за имотна состојба кое ќе биде ставено во употреба по донесување на неопходните законски измени. | | | |

| | |
|---|---|
| | Со новото софтверско решение на веб страницата на ДКСК ќе биде овозможен увид во сите промени на имотната состојба кои избраните и именуваните лица ги имаат пријавено во периодот додека ја извршуваат функцијата.<br>-Во првата половина на 2017 година нема промени во однос на ова достигнување. |
| ***4.2.2. Воспоставување историски преглед за промените во имотната состојба на избрани и именувани лица*** | Во моментов не постои можност за увид во историски преглед на промените во имотната состојба на избраните и именуваните лица на веб страницата на ДКСК туку само во внатрешната електронска база, односно на веб страницата се објавуваат само податоците за моменталната имотна состојба на избраните и именуваните лица. Со ставањето во употреба на новото софтверско решение, на веб страницата на ДКСК ќе биде овозможен увид во сите промени на имотната состојба кои избраните и именуваните лица ги имаат пријавено во периодот додека ја извршуваат функцијата.<br>-Во првата половина на 2017 година нема промени во однос на ова достигнување. |

| **4.3 Промовирање на интегритет, транспарентност и отчетност на локално ниво и следење на напредокот** | |
|---|---|
| Почетен и краен датум на обврската<br>(6/ 2016 – 6/ 2018) | Нова но наследува претходна мерка од Акцискиот план 2014-2016 |
| Водечка институција за спроведување | Државна комисија за спречување на корупцијата |
| Име на одговорно лице во институцијата за спроведување | 1. Весна Донева<br>2. Владимир Георгиев |
| Функција, Одделение | 1. Советник за аналитика<br>2. Државен советник<br>Сектор за програми, аналитика, меѓународна соработка и административни работи<br>Секретаријат на ДКСК |
| Email | vdoneva@dksk.org.mk |

| | | |
|---|---|---|
| | | vgeorgiev@dksk.org.mk |
| Телефон | | 3215-377<br>075 273-023<br>070/342 782 |
| Други вклучени субјекти | Владини министерства, одделение/агенција | Единици на локална самоуправа |
| | ГО, приватен сектор, мултилатерални и работни групи | ЦИКП и други ГО |
| Состојба или проблем што се опфаќа со обврската | | Имајќи ги предвид политиките за подинамичен и одржлив економски и општествен развој на ЕЛС, целосно насочени кон граѓаните и остварување на нивните права, а со цврста решеност за справување со корупцијата и неетичкото однесување, 47 општини во соработка со ДКСК, потпишаа антикорупциски политики/политики на интегритет. Неопходно е овој процес да продолжи и целосно да се заокружи со потпишување на антикорупциски политики од страна на сите ЕЛС, со што ќе се воспостави целосен систем од механизми и процедури, кои го стеснуваат просторот и можностите за корупција и ги афирмираат принципите на владеење на правото. Ова истовремено ќе придонесе кон поголема отвореност на ЕЛС и вклученост на граѓаните во нивното работење. |
| Главна цел | | Подобрување на транспарентноста, отчетноста и интегритетот на институциите на локално ниво и следење на напредокот |

| | |
|---|---|
| Кус опис на обврската | Промовирањето на интегритетот во институциите на локално ниво е во насока да се спречи и да не се толерира однесување забрането со закон и спротивно на етичкиот кодекс како и било каква форма на коруптивно однесување во работењето на општините. Истовремено ќе се градат и јакнат капацитетите за следење на антикоруптивни практики на локално ниво. Транспарентноста и отчетноста на институциите на локално ниво овозможуваат унапредување на нивната отвореност преку вклучување на јавноста во креирање на политиките на добро владеење, интегритет и превенција на ризиците за корупција.<br><br>Иновативните алатки за отвореност и одговорност (преку ИТ алатки, индексот за одговорност, транспарентност и отчетност и индексот на интегритет на општините) се во функција на создавање култура на респонзивност на единиците на локалната самоуправа. |
| ОВП предизвик опфатен со обврската | Зајакнат интегритет на единиците на локалната самоуправа |
| Поврзаност со Глобалните цели за одржлив развој | Врска со Цел 16 „Мир, правда и силни институции", Таргет 16.5: Значително намалување на сите форми на корупција и поткуп.<br><br>Со мерките од оваа заложба се придонесува кон превенција и борба против корупцијата и заштитата на јавниот интерес преку систематско воведување на механизми, алатки и мерки за унапредување на интегритетот на јавните институции. |
| Важност | Како дел од концептот на интегритет, ДКСК во соработка со УНДП во текот на 2014 и 2015 година го промовираше потпишувањето на антикорупциска политика/ политика на интегритет на локално ниво и досега 47 општини имаат потпишано антикорупциската политика. Целта е сите единици на локалната самоуправа да потпишат ваков документ како прв чекор во воспоставување на концептот на интегритет.<br><br>Исто така изработени се индекс за одговорност, |

<table>
<tr><td></td><td colspan="4">транспарентност и отчетност и индекс на интегритет на општините.<br><br>Вклученоста на граѓанските организации во доработката на овие индекси и нивното натамошно пилотирање во единиците на локалната самоуправа во голема мера ќе придонесе за оценка на интегритетот на општините.</td></tr>
<tr><td>Амбиција</td><td colspan="4">Мерките утврдени во оваа заложба ќе овозможуваат унапредување на отвореноста на институциите од локално ниво преку вклучување на граѓанските организации во креирање на индексите, мониторинг и оценка на доброто владеење и интегритетот на единиците на локалната самоуправа.<br><br>Мерките од оваа заложба имаат за цел унапредување на отвореното владино партнерство преку воспоставување на одржлив и континуиран пристап на одговорност и отвореност на институциите кон невладиниот сектор и граѓаните.<br><br>Афирмирањето на механизмите и алатките што овозможуваат подобра интеракција помеѓу општините и јавноста исто така ќе придонесат кон унапредување на транспарентноста и отчетноста на општините.</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Статус на реализација на заложба</td><td>незапочнато</td><td>ограничено</td><td>значително</td><td>завршено</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Назив на достигнување</td><td colspan="4">Кус опис на превземени активности и постигнати резултати по достигнување</td></tr>
<tr><td>4.3.1. Потпишување на антикорупциски политики- политики на интегритет со сите единици на локалната самоуправа</td><td colspan="4">Во рамките на концептот на интегритет, антикорупциска политика / политика на интегритет имаат потпишано 47 општини. Во јуни 2016 година, политика на интегритет потпиша и министерот за локална самоуправа, со што Министерството за локална самоуправа е прва институција на централно ниво што ја прифати оваа иницијатива. При тоа, МЛС во соработка со ДКСК изготви нов, ажуриран текст на политиката на интегритет во делот на проценката на ризици од корупција, како и во согласност со најновите</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | законски измени во делот на заштитата на укажувачите.<br><br>-Во 2017 година продолжи соработката со ОБСЕ во насока на превенција од корупција и промоција на интегритетот во рамки на кој ќе се реализираат 3 активности:<br><br>-обезбедување на експерт за спроведување на анализа на дискреционите овластувања<br><br>-2 работилници за работа на работната група за спроведување на анализа за дискреционите овластувања<br><br>-6 работилници со претставници на локалната самоуправа со цел размена на искуства и потпишување на политики на интегритет на оние општини што сеуште не го сториле тоа<br><br>Се очекува во наредниот период, по завршување на локалните избори, политиката на интегритет да ја потпишат и останатите општини, а потоа и другите органи. |
| ***4.3.2. Следење на одговорност, транспарентност и отчетност на локално ниво преку индексот за интегритет и индексот за одговорност, транспарентност и отчетност на општините*** | -ИДСЦС<br><br>Во однос на заложбата 4.3 се чекаат резултати од апликација на проект во кој ИДСЦС ќе соработува со ДКСК. Проектот се однесува на интегритет и проценка на ризици од корупција во институции на централно и локално ниво.<br><br>-ДКСК во соработка со ЦИКП во насока на реализација на оваа заложба, ќе преземе активности за ажурирање на индексот за интегритет и индексот за одговорност, транспарентност и отчетност на општините. |

| **4.4 Унапредување на соработката и зголемена проактивност во спречување на корупцијата и судирот на интереси** | |
|---|---|
| Почетен и краен датум на обврската<br><br>(7/2016 – континуирано) | Нова |
| Водечка институција за спроведување | Државна комисија за спречување на корупцијата |

| | | |
|---|---|---|
| Име на одговорно лице во институцијата за спроведување | | 1. Весна Донева<br>2. Владимир Георгиев |
| Функција, Одделение | | 1. Советник за аналитика<br>2. Државен советник<br><br>Сектор за програми, аналитика, меѓународна соработка и административни работи<br>Секретаријат на ДКСК |
| Email | | vdoneva@dksk.org.mk<br>vgeorgiev@dksk.org.mk |
| Телефон | | 3215-377, 075 273-023, 070/342 782 |
| Други вклучени субјекти | Органи на државна управа, самостојни органи на државна управа | МП, МВР, МТСП, МЛС, |
| | Невладин сектор, деловни субјекти, синдикати, стопански комори, здруженија и фондации | МЦМС, ИДСЦ, ЦИКП, Транспарентност Интернешнл Македонија , АДИ |
| Состојба или проблем што се опфаќа со обврската | | Кога се зборува за превенцијата на корупцијата и судирот на интереси, неопходно е создавање на политичка култура и вредносен систем, во кој корупцијата ќе биде јасно идентификувана како општествено зло кое треба постојано да се превенира и санкционира. На ова поле покрај ДКСК како надлежна за спречување на корупцијата и судирот на интереси и останатите релевантни чинители, посебно значајна улога има граѓанскиот сектор, кој со своите механизми |

| | |
|---|---|
| | на дејствување е значаен субјект во борбата против овие општествено негативни појави. Оттаму, потребна е подготвеност и поголема иницијативност за унапредување и продлабочување на соработката и партнерството меѓу граѓанскиот сектор и институциите во борбата против корупцијата, преку реализација на зеднички активности и проекти, размена на информации и координација за развивање одржливи решенија со цел подобрување на системот на добро владеење за ефикасна превенција на корупцијата и судирот на интереси. |
| Главна цел | Зголемување на ефикасноста и ефективноста во спречување на корупцијата и судирот на интереси |
| Кус опис на обврската | Постапувањето на надлежните тела, како и издвоените превентивни антикорупциски проекти и активности на граѓанскиот сектор, нема да ги дадат очекуваните резултати доколку не се воспостави одржлив систем на соработка меѓу сите релевантни актери, имајќи ги предвид спецификите на секој од нив, како и утврдените законски надлежности.<br><br>Од особено значење е одржувањето на периодични координативни работни средби на кои ќе се дискутира за конкретни теми или проекти од областа на корупцијата и судирот на интереси со предлози и препораки за преземање на идни активности и мерки за подобрување на состојбите. Ова ќе придонесе за интензивирање на спроведувањето на воспоставената општа рамка за соработка за спречување на корупцијата, со видливи резултати и воспоставување системски пристап за размена на информации и податоци, предлози и препораки за кои ќе се дискутира и ќе се земат во предвид од релевантните чинители кои ги третираат прашањата од оваа област.<br><br>Со цел нивна поголема вклученост, граѓанските организации треба да развијат методологии за следење на корупцијата како механизам и пристап за мерење на перцепциите на граѓаните |

| | |
|---|---|
| | и нивните искуствата во однос на изложеност на корупција. Граѓанските организации треба да ги пренесат искуствата од овие методологии и резултатите од нив за да можат истите да се вклучат во развивањето на еден сеопфатен и долгорочен систем за превенција на корупцијата и судирот на интереси и воспоставување на добро владеење.<br><br>Во насока на информирање и запознавање на јавноста со ефектите од соработката ќе се организираат јавни настани-дебати, работилници и тематски конференции како и кампањи за јакнење на свеста на јавноста за корупцијата и судирот на интереси. |
| ОВП предизвик опфатен со обврската | Зајакнување на интегритетот воопшто преку одржливост и долгорочност на ефектите како резултат од соработката и учеството на граѓанските организации |
| Поврзаност со Глобалните цели за одржлив развој | Врска со Цел 16 „Мир, правда и силни институции“, Таргет 16.5: Значително намалување на сите форми на корупција и поткуп.<br><br>Со мерките од оваа заложба се придонесува кон превенција и борба против корупцијата и заштитата на јавниот интерес преку воведување на систематски консултации со граѓанскиот сектор со цел заедничко дијагностицирање и адресирање на проблемите . |
| Важност | ДКСК, со цел да го уреди начинот на соработка, координација и заеднички договорените активности со граѓанскиот сектор, во декември 2010 година иницира потпишување на Меморандум за взаемна поддршка за спречување на корупцијата и судирот на интереси со 17 ГО, а нивниот број заклучно со 2014 година е 22 ГО. Активностите опфатени со Меморандумот се однесуваат на размена на информации и иницијативи од областа на корупцијата и судирот на интереси, анализи и истражувања, одржување средби и други настани за подигање на јавната свест, меѓусебна стручна соработка на планот на антикорупциска едукација и обука како и при изработка на законска регулатива, и реализација |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | на проекти од интерес за борба против корупцијата и судирот на интереси. Во стратешкиот антикорупциски документ Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и превенција и намалување на појавата на судир на интереси со Акционен план 2016-2019, предвидени се активности кои се однесуваат на унапредување и проширување на соработката меѓу ДКСК и граѓанските организации како и активности за спроведување анкети и истражувања за состојбите со корупцијата преку изготвување извештаи со наоди и препораки, како и јавни дебати и кампања за јакнење на свеста на јавноста за корупцијата и судирот на интереси.<br><br>Во насока на остварување на заеднички договорените активности кои произлегуваат од потпишаните документи за соработка како и на мерките утврдени во стратешкиот антикорупциски документ од посебна важност е да се унапреди веќе воспоставената соработка и да се зголеми иницијативноста и проактивноста во спречување на корупцијата и судирот на интереси. | | | |
| Амбиција | Граѓанските организации во соработка со институциите активно следат и учествуваат во инцијативи за следење и борба против корупцијата и се активен партнер во процесот на воспоставување на добро владеење. | | | |
| Статус на реализација на заложба | незапочнато | ограничено | значително | завршено |
| | | X | | |
| Назив на достигнување | Кус опис на превземени активности и постигнати резултати по достигнување | | | |
| ***4.4.1 Одржување периодични координативни работни средби*** | По одржани консултации, МЦМС и ДКСК воспоставија соработка за редовно, квартално, доставување на информации од Листата на информации од јавен карактер кои ги поседува ДКСК. Соработката е воспоставена врз основа на Меморандумот за соработка со ГО. Податоците ќе бидат користени за подготовка на извештаи за следење на работата на ДКСК, подготвени од страна на МЦМС, во рамките на проект поддржан | | | |

| | |
|---|---|
| | од Британска амбасада.<br><br>-МЦМС и ДКСК имаат воспоставено соработка за потребите на проектот „Следење на работењето на ДКСК", кој е поддржан од Британска амбасада, а го спроведува МЦМС: ДКСК на квартално ниво доставува податоци до МЦМС кои се користат за подготовка на квартални извештаи за следење на работата на ДКСК. МЦМС има објавено два извештаи и тоа:<br><br>„Следење на работата на Државната комисија за спречување на корупцијата: Извештај за состојбата" кој дава сумарен осврт на статусот, капацитетите и законските надлежности на ДКСК, за претходните десет години од функционирањето, достапен на http://www.mcms.org.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/1885-sledenje-na-rabotata-na-drzhavnata-komisija-za-sprechuvanje-na-korupcijata-izveshtaj-za-sostojbata.html и Квартален извештај бр.1 во кој се содржани резултатите од следењето на работата на ДКСК за периодот октомври - декември 2016 г., достапен на:<br><br>http://www.mcms.org.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/1902-sledenje-na-rabotata-na-dksk-kvartalen-izveshtaj-br-1.html.<br><br>Подготвен е и кварталниот извештај бр.2 кој се однесува на следење на работата на ДКСК за периодот јануари- март 2017 и истиот ќе биде објавен во наредниот период. |
| *4.4.2 Развивање методологии за следење на состојбите со корупцијата и судирот на интереси* | - МЦМС, во рамките на проектот „Следење на работата на ДКСК", поддржан од Британска амбасада, ја развива методологија за надворешно следење на ефикасноста на работењето на ДКСК. Целта на оваа методологија е да се придонесе кон зголемување на транспарентноста, отчетноста и подигање на јавната свест за ефектите од работата на ДКСК, како една од институциите надлежни за превенција на корупцијата во Република Македонија.<br>- Транспаренси Интернешнл – Македонија во рамките на проектот "Зајакнување на |

| | |
|---|---|
| | Националниот систем на интегритет (НСИ) во земјите од Западен Балкан и Турција, и следење на развојот на анти-корупциските напори” подготви евалуација на силните и слабите страни на институциите во форма на сеопфатен извештај. Извештајот „Националниот систем за интегритет - оценка за Македонија“ беше објавен на 31 мај 2016 година.<br>Националниот систем за интегритет (НСИ) на Транспаренси Интернешнал е алатка за проценка на сите клучни актери во борбата против корупцијата и се однесува на нивниот интегритет, транспарентност и отчетност. Во основа, НСИ го означува начелото на чинители и институции во една земја кои влијаат на тоа како земјата е управувана. Компонента за проценката на истражувањето се фокусира на евалуација на клучните јавни институции и сите релевантни чинители во борбата против корупцијата во однос на: (1) нивниот целокупен капацитет, (2) системите на внатрешно управување и процедури и (3) нивната улога во целокупниот систем на интегритет. Предмет на ова истражување беа 15 столбови: законодавна власт, извршна власт, судство, јавниот сектор, органи за спроведување на законот, Државна изборна комисија, Народен правобранител, Државен завод за ревизија, Државна комисија за спречување на корупција, Јавно обвинителство, политички партии, медиуми, граѓанското општество, приватниот сектор и јавни претпријатија.<br>Резултатите од извештајот ќе се користат како алатка за следење и мерење на напредокот во текот на времето, за потоа да се споредат перформансите низ институциите и да се идентификуваат добрите и лошите практики. Сите препораки кои се произлезени од ова истражување ќе бидат доставени до надлежните институции со цел превземање на понатамошни чекори и пронаоѓање на системски решенија со што ќе се допринесе кон градење на здрав и цврст систем на национален интегритет кој ќе биде ефикасен во борбата против корупцијата.<br>Извештајот е дистрибуиран по пошта во 330 |

| | |
|---|---|
| | примероци до сите засегнати страни, и објавен на следниов линк:<br><br>http://www.transparency.mk/index.php?option=com_content&task=view&id=1168&Itemid=77<br><br>-МЦМС во рамките на проектот „Следење на работата на ДКСК“, ја разви методологијата за надворешно следење на ефикасноста на работењето на ДКСК. Во изработката на Матрицата на индикатори активно беше вклучена и ДКСК преку давање свои коментари за подобрување. Матрицата со индикатори која МЦМС ја користи за подготвување на извештаите е достапна на http://www.mcms.org.mk/images/docs/2017/matrica-na-indikatori-dksk.pdf |
| ***4.4.3 Промоција на резултатите од следењето на состојбите со корупцијата и судирот на интереси (јавни настани-дебати, работилници и тематски конференции)*** | - На 30 март 2017 година, МЦМС одржа конференција на која што беа презентирани резултатите од следењето на работата на ДКСК. На конференцијата присуствуваа над 40 учесници од ГО, државни организации и медиуми како и претставници од ДКСК и Секретаријатот на ДКСК.<br><br>-На 30 мај 2017 година, МЦМС организираше форум „Превенција на корупцијата – водство и координација во Македонија“. На Форумот се отвори дискусија за улогата, досегашните постигнувања и можностите за подобрување на работата на Државната комисија за спречување на корупцијата во спроведувањето на антикорупциските политики и борбата против корупцијата.<br><br>На Форумот беа претставени главните наоди и препораки од следењето на работата на ДКСК во периодот од октомври до декември 2016 година. Дополнително, претставници од ДКСК, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и Државниот завод за ревизија ги споделија заедничките искуства и соработката на институциите, како едни од релевантните институции во борбата против корупцијата во Македонија.<br><br>На Форумот беа презентирани и различните |

| | |
|---|---|
| | постоечки модели на антикорупциски тела и искуствата од Агенцијата за борба против корупција од Србија.<br><br>На форумот присуствуваа повеќе од 50 претставници од ГО, државни институции и медиуми.<br><br>Извештаите и резимеата од извештаите, МЦМС редовно ги споделува со пошироката јавност преку својата веб страна, фб и твитер профил. |

| | | |
|---|---|---|
| **5. ЕФИКАСНО УПРАВУВАЊЕ СО ЈАВНИТЕ РЕСУРСИ (ФИСКАЛНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ)** | | |
| **5.1 Иницијатива за отворен буџет** | | |
| Почетен и краен датум на обврската (7/2016-6/2018) | | 1 тековна и 2 нови обврски |
| Водечка институција за спроведување | | Министерство за финансии |
| Име на одговорно лице во институцијата за спроведување | | Љубица Јовчевска<br>Бари Исени |
| Функција, Одделение | | Раководител на Одделение за буџети на фондови, Сектор за буџети и фондови<br>Помошник раководител на Сектор Трезор |
| Email | | ljubica.jovceska@finance.gov.mk<br>bari.iseni@finance.gov.mk |
| Телефон | | +389 3255 531<br>+389 3255 581 |
| Други вклучени субјекти | Органи на државна управа, самостојни органи на државна управа | Буџетски корисници |
| | Невладин сектор, деловни субјекти, синдикати, стопански комори, | Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените во Република Македонија<br>Центар за економски анализи |

| | | |
|---|---|---|
| | здруженија и фондации | Асоцијација Зенит |
| Состојба или проблем што се опфаќа со обврската | | Недоволна транспарентност во управувањето со јавните финансии: Непостоење поедноставен облик на Буџетот на РМ разбирлив за граѓаните и лесно достапен, оневозможено следење на начинот на кој се извршува Буџетот од аспект дали е во рамките на планираниот Буџет по квартали, необјавување на полугодишен извештај за реализација на Буџетот. |
| Главна цел | | Поголема транспарентност во управувањето со јавните финансии преку:<br>- Претставување на државниот буџет во поедноставен облик разбирлив за граѓаните и лесно достапен.<br>- Информирање на јавноста за планираните приходи и расходи на почетокот на годината на квартална основа со што се отвора можност за анализа и споредба на извршувањето на Буџетот во однос на планираното.<br>- Информирање на јавноста за полугодишното извршување на Буџетот на Република Македонија |
| Кус опис на обврската | | По донесувањето на Буџетот на РМ од страна на Парламентот Министерството за финансии ќе подготви и објави граѓански буџет.<br>На почетокот на годината ќе се објави проекција на планираните приходи и расходи за тековната буџетска година по квартали на веб страната на Министерството за финансии. Проекцијата ќе се прави во соработка со релевантни институции и буџетски корисници како врз база на историски податоци така и врз основа на очекувањата, најавите и финансиските планови обезбедени од страна на буџетските корисници. По изработка и усвојување на полугодишниот извештај за реализација на Буџетот од страна на Владата на РМ истиот ќе се објави на веб страната на Министерството за финансии. |
| ОВП предизвик опфатен со обврската | | Приближувањето на најважниот буџетски документ до граѓаните и обезбедувањето на дополнителни информации за граѓаните и граѓанските организации во делот на проектирање |

<table>
<tr><td></td><td colspan="4">и извршување на државниот буџет ќе придонесе кон поголема инволвираност на граѓанскиот сектор во следење и анализа на извршувањето на Буџетот.</td></tr>
<tr><td>Поврзаност со Глобалните цели за одржлив развој</td><td colspan="4">Врска со Цел 16 „Мир, правда и силни институции“, Таргет 16.6: Да се развијат ефективни, отчетни и транспарентни институции на сите нивоа.<br>Со мерките од оваа заложба се придонесува кон унапредување на транспарентноста и отчетноста на институциите во управувањето со јавните финансии.</td></tr>
<tr><td>Важност</td><td colspan="4">Зголемување на транспарентноста и отчетноста во фискалната сфера.</td></tr>
<tr><td>Амбиција</td><td colspan="4">Се очекува во иднина континуирано објавување на граѓански буџет, на проекција за приходи и расходи и на полугодишен извештај за реализација на Буџетот да овозможат зголемен пристап до информации за јавните финансии.</td></tr>
<tr><td>Достигнувања</td><td>Носител на активност</td><td colspan="2">Датум на започнување</td><td>Датум на завршување</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Статус на реализација на заложба</td><td>незапочнато</td><td>ограничено</td><td>значително</td><td>завршено</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td>■</td><td></td></tr>
<tr><td>Назив на достигнување</td><td colspan="4">Кус опис на превземени активности и постигнати резултати по достигнување</td></tr>
<tr><td>5.1.1 Подготвување и објавување на граѓански буџет</td><td colspan="4">Прв квартал по донесување на Буџетот<br><br>Министерството за финансии ја изготви и објави првата верзија од граѓанскиот буџет кој се однесува на Ребалансот за 2017 година (http://www.finance.gov.mk/files/GB%20Final%20MK%20%283%29.pdf).<br>Во наредниот период граѓанскиот буџет ќе се доградува така што со донесувањето на Буџетот за 2018 година целосно ќе биде изготвен транспарентен граѓански буџет кој ќе се објави на веб страната на Министерството.</td></tr>
<tr><td>5.1.2 Објавување на проекција на приходите и расходите на Буџетот на Р М за тековната година по квартали на почетокот на годината</td><td colspan="4">Ќе започне со реализација од јануари 2018 година</td></tr>
<tr><td>5.1.3 Објавување на полугодишен извештај за извршување на Буџетот на Р М на веб</td><td colspan="4">Започнати активности за реализација како што е предвидено од август 2016 година и објавено на</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| ***страната на Министерството за финансии по усвојување од страна на Владата на РМ*** | веб страната на Министерство за финансии на следниот линк http://www.finance.gov.mk/files/u12/Izveshtaj%20za%20ostvaruvanje%20na%20prihodi%20i%20realizacija%20na%20rashodi%20na%20Budgetot%20na%20RM%20zaklucno%20so%2030.06.2016%20godina_final.pdf<br><br>Активностите за реализација на оваа мерка започнаа во 2016 година и полугодишниот извештај за извршување на Буџетот заклучно со 30 јуни 2016 година е објавен на веб страната на Министерство за финансии на следниот линк http://www.finance.gov.mk/files/u12/Izveshtaj%20za%20ostvaruvanje%20na%20prihodi%20i%20realizacija%20na%20rashodi%20na%20Budgetot%20na%20RM%20zaklucno%20so%2030.06.2016%20godina_final.pdf<br>Извештајот за извршување на Буџетот заклучно со 30 јуни 2017 година ќе биде објавен по усвојувањето од Владата на РМ.<br>Министерството за финансии веќе направи напори и на својата веб страна објавува месечни извештаи за извршување на Буџетот (Министерство за финансии/Јавни финансии/Трезор/Извештаи), а во наредниот период планира да изготвува и објавува потранспарентни и подетални извештаји за извршување на Буџетот. |

| **5.2 Отворени податоци за здравствени програми** | |
|---|---|
| Почетен и краен датум на обврската (7/2016-6/2018) | тековна обврска |
| Водечка институција за спроведување | Министерство за здравство |
| Име на одговорно лице во институцијата за спроведување | М-р Билјана Бабушковска |
| Функција, Одделение | Раководител на одделение |
| Email | biljana.babushkovska@zdravstvo.gov.mk |
| Телефон | 076 485 049 |

| | | |
|---|---|---|
| Други вклучени субјекти | Органи на државна управа, самостојни органи на државна управа | Министерство за здравство |
| | Невладин сектор, деловни субјекти, синдикати, стопански комори, здруженија и фондации | Здружение за еманципација, солидарност и рамноправност на жените во РМ |
| Состојба или проблем што се опфаќа со обврската | | Оневозможен пристап до информации за трошењето на средствата од Буџетот на Министерството за здравство наменети за здравствени програми. |
| Главна цел | | Континуирано објавување и наративно објаснување на реализацијата на здравствените програми |
| Кус опис на обврската | | Министерството за здравство во соработка со Здружението за еманципација, солидарност и рамноправност на жените во РМ ќе подготви стандардизирана форма на извештаи кои ќе се користат за објавување на податоците од реализацијата на средствата од буџетот на Министерството за здравство наменети за превентивни и куративни здравствени програми. |
| ОВП предизвик опфатен со обврската | | Граѓанско учество |
| Поврзаност со Глобалните цели за одржлив развој | | Врска со Цел 16 „Мир, правда и силни институции" Таргет 16.6: Да се развијат ефективни, отчетни и транспарентни институции на сите нивоа и Цел 3 „Добро здравје и благосостојба„ Таргет 3.8: Да се постигне универзална здравствена заштита вклучувајќи и заштита од финансиски ризик, пристап до квалитетни неопходни здравствени услуги и пристап до сигурни, ефективни и квалитетни како и пристапни основни лекови и вакцини за сите.<br>Со мерите од оваа заложба се придонесува кон транспарентност и отчетност на искористувањето на средствата и доставувањето |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | на услугите наменети за превентивни и куративни здравствени програми. | | | |
| Важност | Унапредување на фискалната транспарентност во делот на реализацијата на здравствените програми. | | | |
| Амбиција | Зголемен пристап до информации за трошењето на средствата за здравствени програми. | | | |
| Статус на реализација на заложба | **незапочнато** | **ограничено** | **значително** | **завршено** |
| | | ■ | | |
| Назив на достигнување | Кус опис на превземени активности и постигнати резултати по достигнување | | | |
| ***5.2.1 Подготовка и објавување на полугодишни и годишни извештаи за буџетско и програмско спроведување на 20 програми за превентивна и куративна здравствена заштита финансирани од Буџетот на Министерството за здравство со техничка помош и поддршка од ЕСЕ*** | Договорен е форматот на извештаите за буџетско и програмско спроведување за дел од програмите за здравствена заштита финансирани од Буџетот на министерството за здравство. | | | |
| ***5.2.2 Кампања за информирање на граѓаните за достапноста на овие податоци и како истите можат да им користат*** | Не се превземени активности во овој сегмент. Истите ќе се превземат по реализација на достигнувањето 5.2.1. | | | |

| **5.3.Создавање законска обврска за договорните органи за задолжително објавување на информации за постапките и за договорите за јавни набавки на своите интернет страници** | | |
|---|---|---|
| Почетен и краен датум на обврската (7/2016-10/2018) | | нова обврска |
| Водечка институција за спроведување | | Министерство за финансии/Биро за јавни набавки |
| Име на одговорно лице во институцијата за спроведување | | Александар Данаилов |
| Функција, Одделение | | Помлад соработник во Сектор за нормативна дејност, обуки и меѓународни односи на Биро за јавни набавки |
| Email | | aleksandar.danailov@bjn.gov.mk |
| Телефон | | +389 3255 706 |
| Други вклучени субјекти | Органи на државна управа, самостојни органи на државна управа | Сите договорни органи, Биро за јавни набавки/ Министерство за финансии |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| | Невладин сектор, деловни субјекти, синдикати, стопански комори, здруженија и фондации | Центар за граѓански комуникации |
| Состојба или проблем што се опфаќа со обврската | | Обврската што произлегуваше од вториот акциски план на ОВП (2014-2016) да се одредат минимум информации од јавните набавки што договорните органи, по препорака од БЈН, треба да го објавуваат на своите интернет страници е доброволна и не се почитува од многу договорни органи. Станува збор за информации со кои се обезбедува барем минимално ниво на транспарентност за трошењето на јавните пари договорени во консултативен процес (да се објавуваат информации на интернет страниците на договорните органи со линк до ЕСЈН за склучените договори за јавни набавки, за огласите за јавни набавки, годишниот план за јавни набавки и да се пополни делот за реализирани договори на ЕСЈН). |
| Главна цел | | Да се обезбедат основни информации за трошењето на јавните пари на начин и место кои лесно се наоѓаат и разбираат од граѓаните.<br>Со објавување на овие информации како задолжителна обврска за договорните органи, транспарентноста и отчетноста на институцијата нема да зависи од волјата на поединци.<br>Објавување на информации за трошењето на јавните пари преку јавните набавки, исто така, е дел од заложбите на иницијативата Отворени набавки, која ја администрира Светската банка, а е слична на иницијативата за ОВП. |
| Кус опис на обврската | | Секој договорен орган, на својата интернет страница да го објави годишниот план за јавни набавки, информации со линк со ЕСЈН за огласите за јавни набавки и за склучените договори за јавни набавки и да се пополнува задолжително делот за реализирани договори на |

| | |
|---|---|
| | ЕСЈН. |
| ОВП предизвик опфатен со обврската | Ефективно управување со јавни средства |
| Поврзаност со Глобалните цели за одржлив развој | Врска со Цел 17 „Партнерство за целите" Таргет 17.1: Да се зголеми мобилизирањето (собирањето) на домашни ресурси, вклучително и преку меѓународна поддршка за земјите во развој за подобрување на домашниот капацитет за собирање на даноци и други приходи и цел 16 „Мир, правда и силни институции" Таргет 16.6: Да се развијат ефективни, отчетни и транспарентни институции на сите нивоа.<br>Со мерките од оваа заложба се придонесува кон унапредување на транспарентноста и отчетноста на институциите во управувањето со јавните финансии преку поголема транспарентност и отчетност во управувањето со јавните пари. |
| Важност | Задолжителното објавувањето на овие информации кои сега се на доброволна основа ќе ги зголеми:<br>- транспарентноста и отчетноста на државните институции за трошењето на јавните пари;<br>- степенот на информираност на граѓаните за начинот на трошење на нивните пари;<br>- интегритетот и довербата на институциите<br>- ефикасноста во управување со јавните средства. |
| Амбиција | Сите договорни органи регистрирани на ЕСЈН да ги објавуваат овие информации на своите интернет страници, а оние кои немаат своја интернет страница тоа да го сторат на интернет страницата на институцијата под чија надлежност работат. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Статус на реализација на заложба | **незапочнато** | **ограничено** | **значително** | **завршено** |
| | ■ | | | |

| Назив на достигнување | Кус опис на превземени активности и постигнати резултати по достигнување |
|---|---|
| ***5.3.1.Задолжително објавување на Годишен план за јавни набавки најдоцна до 15 февруари во тековната година на интернет страницата на договорниот орган, како и на ажурираните верзии на планот со измените*** | Датум на започнување: 07/2017 |

| | |
|---|---|
| *и дополнувањата во текот на годината* | |
| *5.3.2.Задолжително објавување на огласите за јавни набавки со поставување на линк до огласот кој е објавен на ЕСЈН* | Датум на започнување: 07/2017 |
| *5.3.3.Задолжително објавување на известувањата за склучените договори со поставување на линк до соодветните известувања на ЕСЈН* | Датум на започнување: 07/2017 |
| *5.3.4.Задолжително објавување на известување за реализиран договор со поставување линк до пополнетото вакво известување на ЕСЈН* | Датум на започнување: 07/2017 |

| **5.4. Вклучување на транспарентен и објективен начин на претставници на здруженијата и фондациите, како и на останатите ГО, во секторските работни групи за планирање и програмирање на ИПА 2** | | |
|---|---|---|
| Почетен и краен датум на обврската (7/2016-6/2018) | | нова обврска |
| Водечка институција за спроведување | | Секретаријат за европски прашања |
| Име на одговорно лице во институцијата за спроведување | | Орхидеја Каљошевска |
| Функција, Одделение | | Државен советник за координација на европски фондови и друга странска помош |
| Email | | Orhideja.Kaljosevska@sep.gov.mk |
| Телефон | | 070 409 519 |
| Други вклучени субјекти | Органи на државна управа, самостојни органи на државна управа | Координаторите на секторските работни групи од ресорните министерства |
| | Невладин сектор, деловни субјекти, синдикати, стопански комори, здруженија и фондации | Заинтересирани здруженија, фондации и нивни мрежи |

| | |
|---|---|
| Состојба или проблем што се опфаќа со обврската | Секторските работни групи што се формирани за планирање и програмирање на ИПА 2 е потребно да се прошират со вклучување на транспарентно избрани претставници на здруженијата и фондациите, за да можат граѓанските организации да учествуваат. Иако за одделните нацрт-секторски плански документи се организираат консултации со граѓанскиот сектор по нивната изработка, тоа не овозможува учество на граѓанскиот сектор во сите фази на планирањето и програмирањето на претпристапната помош на ЕУ. |
| Главна цел | Унапредување на вклученоста на граѓанскиот сектор во програмирањето на помошта од Инструментот за претпристапна помош на Европската унија (ИПА II) |
| Кус опис на обврската | Вклучувањето на граѓанското општество во процесот на програмирање е еден од предусловите за спроведување на Секторскиот пристап за ИПА 2 и во таа насока Владата на Република Македонија, на седниците одржани на 31.03.2015 и 14.07.2015 година, ја усвои и дополни рамката за составот на Секторските работни групи за програмирање, согласно која граѓанските организации се вклучени во составот на секторските работни групи (по потреба и одлука на институцијата која ја води Секторската работна група).<br>Со цел транспарентно и легитимно вклучување на граѓанските организации во работата на Секторските работни групи, Секретаријатот за европски прашања објави повик „Отворено со граѓанскиот сектор", за регистрација на сите заинтересирани граѓански организации за консултации и учество во работните групи за ИПА 2. Листата на пријавените граѓански организации е објавена на нашата веб страна на следниот линк: http://www.sep.gov.mk/nvo-list/. Исто така врз основа на листата на пријавените граѓански организации, направен е индикативен преглед на делокругот на работа на пријавените граѓански организации и нивно поврзување со областите дефинирани со Секторските работни групи за ИПА 2. (во прилог)<br>Со цел да се зголеми одговорноста и сопственоста |

| | |
|---|---|
| | во процесот на програмирање, објавената листа на граѓански организации, заедно со индикативниот преглед се доставени до Секторските работни групи, со напомена дека можноста за соработка и со други релевантни граѓански организации или мрежи е отворена.<br>Секторските работни групи имаат обврска да обезбедат вклучување на претставници на граѓанските здруженија и фондации во процесот на програмирање како дел од работните групи и за истото транспарентно да информираат пред започнување на процесот на програмирање.<br>Ресорното министерство, координатор на работната група има обврска на почетокот на програмирањето да достави индикативна временска динамика на планираните состаноци на работните групи.<br>Ресорното министерство координатор на работната група има обврска да подготви и објави критериуми врз основа на кои ги селектираат претставниците на граѓанските здруженија и фондации во Работните групи и ги објави избраните избраните граѓански организации или мрежи на својата веб страна. |
| ОВП предизвик опфатен со обврската | Ефикасно управување со јавните ресурси |
| Поврзаност со Глобалните цели за одржлив развој | Цел 16 „Мир, правда и силни институции“<br>Таргет 16.6: Да се развијат ефективни, отчетни и транспарентни институции на сите нивоа.<br>Со мерките од оваа заложба се придонесува кон унапредување на транспарентноста на институциите преку воведување на инклузивен процес на програмирањето на странските фондови. |
| Важност | Мерката придонесува за граѓанското учество во програмирање и планирање на странска помош. Таа ќе обезбеди поголема легитимност и инклузивност на процесот на планирање и програмирање на претпристапната помош, преку непосредно вклучување на претставници на граѓанското општество во подготовката на секторските плански документи. |
| Амбиција | - Создадени нови механизми за учество на граѓаните во управувањето со јавните ресурси |

<table>
<tr><td rowspan="1"></td><td colspan="4">- Примена на знаењата и податоците со кои располага граѓанскиот сектор за подобро идентификување на клучните општествени предизвици и начините за справување со нив<br>- Зајакната меѓусебна доверба меѓу државата и граѓанскиот сектор како резултат на зголемената транспарентност и инклузивност на процесот на програмирање, и унапредување на квалитетот на демократијата</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Статус на реализација на заложба</td><td>незапочнато</td><td>ограничено</td><td>значително</td><td>завршено</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Назив на достигнување</td><td colspan="4">Кус опис на превземени активности и постигнати резултати по достигнување</td></tr>
<tr><td>5.4.1.Утврдување на транспарентен процес и објективни критериуми за вклучување на претставници на здруженијата и фондациите во секторските работни групи</td><td colspan="4">Одржан состанок со Александар Николов од Зенит, со СЕП(Државен Секретар Ана Блажеска и ДС О.Каљошевска) во врска со овој приоритет и рагледани се можнистите за негова целосна реализација. Нацрт Деловникот за работа на секторските работни групи е доставен до Александар Николов од ЗЕНИТ со цел да се консултира со НВО секторот и даде предлози на ниви интервенции во истиот имајќи предвид дека рамката е веке објавена на веб страната на СЕП</td></tr>
<tr><td>5.4.2.Објавување Рамката за координација на ИПА2 на веб страната на Секретаријатот за европски прашања</td><td colspan="4">• Објавена рамката за секторската координација на ИПА на веб страната на СЕП.<br>• Објавен отворен повик на страната на СЕП за сите заинтересирани ГО кои би сакале да придонесат во програмирањето на ИПА</td></tr>
<tr><td>5.4.3.Вклучување на претставници на граѓанскиот сектор во работата на сите секторските групи од страна на релевантните институции врз основа на транспарентен процес и објективни критериуми</td><td colspan="4">• Учество на НВО секторот во сите Секторски работни групи за ИПА.Во однос на вклучувањето во Секторските работни групи, ќе се применува секторскиот приод на соработка во секој од секторите на ИПА 2: (1) Демократија и владеење, (2) Владеење на правото и темелни права, (3) Животна средина (4) Транспорт/Енергија, (5) Конкурентност и иновации, (6) Социјален развој, (7) Земјоделство и рурален развој, и (8) Регионална и територијална соработка.<br>• Учество на Претставници од СЕП на Вториот национален форум за Отворено владино партнерство (ОВП) кој се одржа во среда на 2-ри ноември 2016г. во хотел Континентал<br>• Учсество на претставници од СЕП и ресорните</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | министерства на настаните на ИПА механизмот. Одржана дискусијата: *ИПА 2 Тековна состојба* која ќе се одржи во склоп на активностите за градење коалиции, кои ќе се одржуваат на **23 Декември 2016 (петок)**, во Скопје, хотел Континентал, |

| **5.5. Објавување на податоци за склучени договори и добиена помош преку Програмата за инфраструктурен развој (ОРИО) на Кралството Холандија** | | |
|---|---|---|
| Почетен и краен датум на обврската (7/2016-6/2018) | | тековна обврска |
| Водечка институција за спроведување | | Секретаријат за европски прашања |
| Име на одговорно лице во институцијата за спроведување | | Орхидеја Каљошевска |
| Функција, Одделение | | Државен советник за координација на европски фондови и друга странска помош |
| Email | | Orhideja.Kaljosevska@sep.gov.mk |
| Телефон | | 070 409 519 |
| Други вклучени субјекти | Органи на државна управа, самостојни органи на државна управа | Министерство за здравство |
| | Невладин сектор, деловни субјекти, синдикати, стопански комори, здруженија и фондации | Здружение ЕСЕ |
| Состојба или проблем што се опфаќа со обврската | | Нема јавно достапни информации и податоци за склучени договори и добиена помош преку Програмата ОРИО финансирана од Кралството Холандија во која е вклучена и Р. Македонија. |
| Главна цел | | Унапредување на транспарентноста на јавните институции во примањето и користењето на странска помош и заеми. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Кус опис на обврската | Секретаријатот за европски прашања како надлежна институција за промовирање на ОРИО програмата во Р. Македонија на својата интернет страница во делот наменет за ОРИО Програмата ќе објави листа на јавни институции од Р. Македонија кои аплицирале и добиле средства од ОРИО Програмата; ќе ги објави договорите потпишани помеѓу институциите апликанти од Р. Македонија и Кралството Холандија; ќе ја објави целокупната апликација во која детално се наведени целите и текот на проектите финансирани преку оваа Програма ОРИО; ќе објави информации за статусот во кој се наоѓа проектот (развојна фаза, фаза на имплементација и фаза на одржување) и ќе објавува податоци на полугодишно ниво за вкупно добиени и искористени средства во текот на проектниот период. | | | |
| ОВП предизвик опфатен со обврската | Ефикасно управување со јавните ресурси | | | |
| Поврзаност со Глобалните цели за одржлив развој | Цел 16 „Мир, правда и силни институции“ , Таргет 16.6: Да се развијат ефективни, отчетни и транспарентни институции на сите нивоа.<br>Со мерките од оваа заложба се придонесува кон унапредување на транспарентноста на институциите во однос на управувањето со странската помош. | | | |
| Важност | Мерката придонесува за унапредување на транспарентноста и отчетноста на јавните институции во управувањето со странската помош. | | | |
| Амбиција | - Создадени нови механизми за објавување на податоци управување со странска помош. | | | |
| Статус на реализација на заложба | **незапочнато** | **ограничено** | **значително** | **завршено** |
| | | X | | |
| Назив на достигнување | Кус опис на превземени активности и постигнати резултати по достигнување | | | |
| ***5.5.1.Објавување на: листа на јавни институции од Република Македонија кои аплицирале и добиле средства од ОРИО Програмата; договорите потпишани помеѓу институциите апликанти од РМи Кралството Холандија; целокупната*** | Во врска со оваа активност обврската на СЕП беше да посредува во процесот на информирање за ОРИО можностите и поднесување на аликациите до Холандската Влада.<br>Сите обврски околу реализацијата и спроведување на проектот поврзани со | | | |

| | |
|---|---|
| ***апликација во која детално се наведени целите и текот на проектите финансирани преку оваа Програма ОРИО; информации за статусот во кој се наоѓа проектот (развојна фаза, фаза на имплементација и фаза на одржување) и податоци на полугодишно ниво за вкупно добиени и искористени средства во текот на проектниот период.*** | договорните активности и трошења се обврска на Министерството за здравство. Во таа насока замолуваме да го исклучите СЕП од оваа активност и да се насочите ком МЗ.<br>Од Министерството за здравство информираат дека Барателот Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ, со адреса „Максим Горки“ 20/1-4, 1000 Скопје, преку застапникот/полномошникот на барателот на информацијата Дарко Антиќ, поднесе Барања бр. 0801-885/16-1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30, 31, 32, 33, 34, 35, 36, 37, 38, 39, 40, 41, 42, 43, 44, 45, 46, 47, 48, а примени и заведени во Министерството за здравство под број: 11 - 3703/1, 3601/1, 3600/1, 3599/1, 3598/1, 3597/1, 3596/1, 3595/1, 3594/1, 3593/1, 3592/1, 3591/1, 3590/1, 3589/1, 3588/1, 3587/1, 3586/1, 3585/1, 3584/1, 3583/1, 3582/1, 3581/1, 3580/1, 3579/1, 3578/1, 3577/1, 3576/1, 3575/1, 3574/1, 3573/1, 3572/1, 3571/1, 3570/1, 3569/1, 3568/1, 3567/1, 3566/1, 3565/1, 3564/1, 3563/1, 3562/1, 3561/1, 3560/1, 3559/1, 3558/1, 3557/1, 3556/1, 3555/1.<br>По сите овие барања, беше постапено согласно постапката од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/06, 86/08, 6/10, 42/14, 148/15 и 55/16), со што Министерството за здравство одговараше поединечно на секое барање во рамки на својата надлежност.<br>Откако се испочитуваа сите законски чекори на постапката од двете страни, Комисијата за заштита на правото за слободен пристап на информации од јавен карактер во законскиот рок достави заклучоци со кои се запира и затвара постапката по основ на сите барања поради тоа што барателот ги добил бараните информации. |

| 5.6.Воведување на јавно достапен регистар на договори за концесии | |
|---|---|
| Почетен и краен датум на обврската (7/2016-6/2018) | Нова |

| | | |
|---|---|---|
| Водечка институција за спроведување | | Министерство за економија |
| Име на одговорно лице во институцијата за спроведување | | Фатмир Шаќири |
| Функција, Одделение | | Советник за експлоатација и анализа на минерални суровини<br>Одделение за експлоатација и анализа на минерални суровини и заштита на животната средина |
| Email | | fatmir.shaqiri@economy.gov.mk |
| Телефон | | (0) 2 30 93 438<br>072 575 570 |
| Други вклучени субјекти | Органи на државна управа, самостојни органи на државна управа | |
| | Невладин сектор, деловни субјекти, синдикати, стопански комори, здруженија и фондации | Центар за граѓански комуникации |
| Состојба или проблем што се опфаќа со обврската | | Немање јавно достапни информации за склучените договори за концесии, како договори склучени меѓу државни институции и приватни субјекти, наспроти ваквата транспарентност која постои за склучените договори за јавни набавки, кои, во својата основа се многу слични. |
| Главна цел | | Да се овозможи одреден степен на транспарентност во насока на поефикасно управување со јавните средства |
| Кус опис на обврската | | Министерството за економија да изработи, да го направи јавно достапен и редовно да го ажурира регистарот на склучени договори за концесии, на својата интернет страница |
| ОВП предизвик опфатен со обврската | | Ефикасно управување со јавни средства |
| Поврзаност со Глобалните цели за одржлив | | Врска со Цел 16 „Мир, правда и силни институции“<br>Таргет 16.6: Да се развијат ефективни, отчетни и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *6.5.4. Зајакнување на капацитетите на 30 ГО и 3-4 НВО мрежи за вршење на мониторинг врз перформансот на општините и промовирање транспарентност и отчетност при давањето услуги.* | Активноста во последната фаза од одобрувањето на проектот е ревидирана. |
| *6.5.5.Спроведување на две (2) годишни истражувања за задоволството на граѓаните од квалитетот на услугите на локално ниво* | Предвидено е да се спроведе по еден извештај годишно, еден во 2018 и еден во 2019 |

| 6.6.Подобрување на социјалните услуги на локално ниво | | |
|---|---|---|
| Почетен и краен датум на обврската 07/2016-06/2018 | | Нова мерка |
| Водечка институција за спроведување | | Министерство за локална самоуправа |
| Име на одговорно лице во институцијата за спроведување | | Ели Чакар |
| Функција, Одделение | | Државен советник |
| Email | | elicakar@gmail.com |
| Телефон | | 071 226 415 |
| Други вклучени субјекти | Органи на државна управа, самостојни органи на државна управа | Министерство за труд и социјална политика<br>ЈОУДГ „Астибо“ - Штип<br>ЈОУДГ „13 Ноември“ - опш. Центар<br>ЈУДГ „Детска радост“ - опш.Гази Баба<br>ЈУДГ „Бубамара“ опш.Аеродром<br>ЈУДГ „8 Март“ - Кисела Вода |
| | Невладин сектор, деловни субјекти, синдикати, стопански комори, здруженија и фондации | ЦИКП<br><br>Sole Communication Network - дооел |
| Состојба или проблем што се опфаќа со обврската | | Не постои систем за електронска комуникација меѓу установите за згрижување на деца од предшколска возраст (градинките) и родителите како корисници на нивните услуги. Исто така градинките немаат воспоставено ниту електронски систем за внатрешна комуникација и комуникација со другите клиенти, што генерално се одразува на ефикасноста и на квалитетот на услугата, како и на транспарентноста и на отчетноста во нивното работење. |
| Главна цел | | Развиена платформа и градење на капацитети за комуникација и унапредување на ефективноста и ефикасноста на доставувањето на услугите од страна на градинките. |
| Кус опис на обврската | | 1.Развој на алатка (web, mobile и desktop апликација) која во себе ќе ги содржи следните елементи:<br>2.Електронско вмрежување на сите субјекти со кои соработува градинката |

| | |
|---|---|
| | 3. Електронска комуникација и испорака на услуги преку електронско поднесување на формулари за упис во градинките, објавување на дневното мени, организирање на настани, можност граѓаните да имаат директно влијание со нивни забелешки, сугестии и предлози на ВЕБ страната на градинката. |
| ОВП предизвик опфатен со обврската | Поголемо граѓанско учество, користење на нови технологии, подобрување на квалитетот на услугите. |
| Поврзаност со Глобалните цели за одржлив развој | Врска со Цел 16 „Мир, правда и силни институции<br>Таргет 16.6: Да се развијат ефективни, отчетни и транспарентни институции на сите нивоа.<br>Со мерките од оваа заложба се придонесува кон унапредување на ефективноста, транспарентноста и отчетноста на институциите на локално ниво во областа на социјалните услуги. |
| Важност | Активното и директно вклучување на родителите во процесот на згрижување на деца, зголемување на транспарентност и отчетност на градинката и зголемување на довербата. |
| Амбиција | Директно учество на граѓаните во креирањето и во користењето на услугите од страна на детските градинки преку воспоставување на електронска комуникација. |

| Статус на реализација на заложба | незапочнато | ограничено | значително | завршено |
|---|---|---|---|---|
| | | ■ | | |

| Назив на достигнување | Кус опис на превземени активности и постигнати резултати по достигнување |
|---|---|
| ***6.6.1. Креирање на динамичка веб платформа, развој на мобилна и десктоп апликација за комуникација*** | Производот под работен наслов ‘SOLENET’ е во напредна фаза на изработка. Заради промена на сопственичка структура, изработката е во задоцнување од околу 6 месеци, со тоа и започнувањето на наредните фази ќе доцни околу 6 месеци. Во меѓувреме уште три градинки покажаа интерес да се вклучат во реализација на проектот.<br>Сега, во оваа фаза е направена оценка на потребите на детските градинки. Во моментов се бара решение за обезбедување на потребните финансиски средства за обезбедување на |

| | |
|---|---|
| | сервер и за тројца обучувачи. Доколку не се обезбедат средства од донатор, се разговара средствата да ги обезбедат детските градинки кои што се заинтересирани за проектот. |
| ***6.6.2. Обука на вработени и подигање на свеста*** | Обуката ќе се реализира веднаш по обезбедувањето на средствата. |
| ***6.6.3. Имплементација на платформата во реално опкружување*** | Имплементацијата е планирана за 2017-2018 |
| ***6.6.4. Евалуација на имплементација*** | Имплементацијата е планирана за крајот на 2018 |

| **6.7.Подобрување на социјална инклузија на лица со попреченост на локално ниво** | | |
|---|---|---|
| Почетен и краен датум на обврската 09/2016-12/2017 | | Нова мерка |
| Водечка институција за спроведување | | Министерство за локална самоуправа |
| Име на одговорно лице во институцијата за спроведување | | Ели Чакар |
| Функција, Одделение | | Државен советник |
| Email | | elicakar@gmail.com |
| Телефон | | 071 226 415 |
| Други вклучени субјекти | Органи на државна управа, самостојни органи на државна управа, локална самоуправа | Министерство за локална самоуправа, Единици на локалната самоуправа |
| | Невладин сектор, деловни субјекти, синдикати, стопански комори, здруженија и фондации | УНДП<br><br>Невладини организации од Пелагониски, Полошки и Југозападен плански регион |
| Состојба или проблем што се опфаќа со обврската | | Согласно Законот за локалната самоуправа во РМ секоја општина е должна на граѓаните да им овозможи пристап кон основните информации за услугите што им ги обезбедува. Лицата со попреченост секојдневно се соочуваат со различни бариери при вршењето на секојдневните активности: влез и користење на јавните објекти, јавниот превоз, користењето на услуги.<br>ВЕБ страниците на општините не се |

| | |
|---|---|
| | прилагодени за користење од страна на лицата со попреченост (оштетен вид).<br>Општините немаат назначено лице за контакт со лица со попреченост заради полесно остварување на нивните права и решавање на нивните проблеми во непосредна комуникација со локалната администрација и со локалните власти. |
| Главна цел | Полесен пристап на граѓаните со попреченост до информации и услугите кои ги испорачуваат општините. |
| Кус опис на обврската | 1.Отворање на ИНФО Центар кој што ќе обезбедува информации од општините за лицата со оштетен вид на соодветен начин.<br>2.Прилагодување на ВЕБ страниците на општините заради обезбедување на непречен пристап и достапност на информациите за граѓаните со попреченост. (оштетен вид)<br>3. Подготовка на дополнителни материјали за информирање со цел лицата со оштетен вид да можат да се вклучат во процесите на консултација на локално ниво. |
| ОВП предизвик опфатен со обврската | Поголема социјална инклузија на лица со попреченост на локално ниво. |
| Поврзаност со Глобалните цели за одржлив развој | Врска со Цел 1 „ Да се сопре сиромаштијата во сите нејзини форми“, Таргет 1.3 Да се имплементираат соодветни национални системи за социјална заштита и мерки за вклучување на сите и до 2030 да се постигне оддржлива покриеност на сиромашните и ранливите.<br>Со мерките од оваа заложба ќе се унапреди вклученоста на лицата со попреченост на локално ниво како ранлива група на луѓе. |
| Важност | Со обезбедување на услови за соодветен приостап до информациите од страна на општините ќе се обезбеди поголема информираност, лесен пристап, ефикасност и поквалитетно доставување на услугите за корисниците со попреченост, зголемување на партиципативноста, инклузивно креирање на политики на локално ниво, како и зголемување |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | на довербата на граѓаните со попреченост во институциите. | | | |
| Амбиција | Овозможен пристап до информации и услуги за лица со попреченост во секоја општина на Република Македонија. | | | |
| Статус на реализација на заложба | незапочнато | ограничено | значително | завршено |
| | | | ■ | |
| Назив на достигнување | Кус опис на превземени активности и постигнати резултати по достигнување | | | |
| ***6.7.1. Проценка на потребите на лицата со оштетен вид*** | Реализирани се консултативни работилници во Битола, со учество со претставници од општините и од граѓански организации и е направена проценка на потребите. | | | |
| ***6.7.2. Отворање на ИНФО центар за општините од 3 плански региони*** | Во тек е постапка за обезбедување на простор со поддршка на локалната самоуправа. | | | |
| ***6.7.3.Обезбедување на соодветен електронски начин за информирање на граѓаните со оштетен вид во Инфо центарот. Прилагодување на ВЕБ страниците на општините. Подготовка на дополнителни материјали за информирање.*** | Паралелно течат подготовките за обезбедување на техничките услови од страна на УНДП. | | | |

| 6.8.Подобрување на комуналните услуги на локално ниво |
|---|
| **Министерство за локална самоуправа информира дека овaa заложба е потребно да биде изоставена согласно известување од Здружението за оддржлив развој дека средствата што ги очекувале од Германското друштво за техничка соработка ГИЗ, не успеале да ги обезбедат и не се во состојба истата да ја реализираат.** |

| 6.9.Поголема информираност на граѓаните за институцијата Народен правобранител | |
|---|---|
| Почетен и краен датум на обврската 07/2016-12/2018 | Нова мерка |
| Водечка институција за спроведување | Министерство за локална самоуправа |
| Име на одговорно лице во институцијата за спроведување | Ели Чакар |
| Функција, Одделение | Државен советник |

| | | |
|---|---|---|
| Email | | elicakar@gmail.com |
| Телефон | | 071 226 415 |
| Други вклучени субјекти | Органи на државна управа, самостојни органи на државна управа | Народен правобранител |
| | Невладин сектор, деловни субјекти, синдикати, стопански комори, здруженија и фондации | ГО за заштита на правата на граѓаните |
| Состојба или проблем што се опфаќа со обврската | | Народниот правобранител како институција е воспоставен во 1997 година, со донесувањето на Законот за Народен правобранител, но граѓаните сеуште недоволно се запознаени со неговите надлежности и улога во заштитата на нивните права, особено во помалите и руралните општини. |
| Главна цел | | Полесен пристап на граѓаните до институцијата Народен правобранител. |
| Кус опис на обврската | | Секоја општина на официјалната ВЕБ страна да постави лесно видлив линк до ВЕБ страната на Народниот правобранител. |
| ОВП предизвик опфатен со обврската | | Користење на иновативни начини и нови технологии за полесен пристап на граѓаните до институцијата Народниот правобранител, за заштита на нивните права пред органите на централната и локалната власт. |
| Поврзаност со Глобалните цели за одржлив развој | | Врска со Цел 16 „Мир, правда и силни институции, Таргет 16.6: Да се развијат ефективни, отчетни и транспарентни институции на сите нивоа.<br>Со мерките од оваа заложба се придонесува кон унапредување на ефективноста, и транспарентноста на институциите на локално ниво во областа на заштита на човековите права |
| Важност | | Со поставувањето на линкот на Народниот правобранител, ќе се подигне нивото на информираност за постоењето на институцијата Народен правобранител, како и свесноста кај граѓаните за обезбедувањето на заштита во |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | остварувањето на нивните права пред органите на централната и локалната власт. На овој начин граѓаните ќе се информираат за начинот на неговата работа, како и за можноста за поднесување претставки преку е- маил. | | | |
| Амбиција | Информираност на граѓаните за можноста од заштита на нивните права во случај на повреда од страна на органите на општината. | | | |
| Статус на реализација на заложба | незапочнато | ограничено | значително | завршено |
| | | ■ | | |
| Назив на достигнување | Кус опис на превземени активности и постигнати резултати по достигнување | | | |
| ***6.9.1. Поставување на линк на ВЕБ страниците на општините до ВЕБ страницата на Народниот правобранител*** | - Доставено известување до единиците на локална самоуправа НПР 03-560/3 од 10.10.2016 година.<br>- Следење на активностите на единиците на локална самоуправа<br>- Општини кои не поставиле линк до веб страницата на Народниот правобранител заклучно со 28.12.2016 година: Арачиново, Боговиње,Брвеница, Вевчани, Гази Баба,Дебарца, Демир Капија, Демир Хисар, Дојран, Долнени,Ѓорче Петров,Зелениково,Илинден,Јегуновце,Карпош,Конче,Липково,Лозово,Могила, Петровец,Пласница, Прилеп, Радовиш, Ранковце, Росоман, Сарај,Свети Николе, Сопиште, Старо Нагоричане, Студеничани, Тетово, Центар, Центар Жупа, Чаир, Чешиново и Облешево, Чучер Сандево и Шуто Оризари.<br>Поради актуелноста на потребата активноста ќе биде продолжена до крајот на 2018 година, со препорака во истиот период да биде имплементирана и од страна на државните институции и органи. | | | |

| 7. ЈАВНИ УСЛУГИ | |
|---|---|
| 7.1 Поволна правна средина за социјални договори | |
| Почетен и краен датум на обврската (07/2016–06/2018) | Нова мерка |
| Водечка институција за спроведување | Министерство за труд и социјална политика |

<table>
<tr><td colspan="2">Име на одговорно лице во институцијата за спроведување</td><td>Софија Спасовска</td></tr>
<tr><td colspan="2">Функција, Одделение</td><td>Помошник раководител на Сектор за социјална заштита и социјална политика</td></tr>
<tr><td colspan="2">Email</td><td>SSpasovska@mtsp.gov.mk</td></tr>
<tr><td colspan="2">Телефон</td><td>+ 389 75 306 027</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Други вклучени субјекти</td><td>Органи на државна управа, самостојни органи на државна управа</td><td>Министерство за локална самоуправа Ели Чакар, Државен советник , elicakar@gmail.com<br>Единици на локалната самоуправа</td></tr>
<tr><td>Невладин сектор, деловни субјекти, синдикати, стопански комори, здруженија и фондации</td><td>СОС Детско село<br>Македонија<br>Зоран Богдановски<br>zoran.bogdanovski@sos.org.mk ; 070 260 957</td></tr>
<tr><td colspan="2">Состојба или проблем што се опфаќа со обврската</td><td>Согласно постојната законска регулатива, овозможено е различни субјекти да даваат социјални услуги во заедницата, но сеуште овој процес не е доволно развиен и не се практикува доволно. Во основа сите социјални услуги се обезбедуваат од централно ниво. Заради подобрување на услугите кон граѓаните, постои потреба повеќе чинители да се јават како даватели на социјални услуги, меѓу кои и ГО. Овој модел се практикува во многу земји со развиен граѓански сектор, со што се обезбедува соработка со ГО, одржливост на ГО, како и обезбедување на услуги на поефективен начин, без дополнително врзување на човечки ресурси. Во Република Македонија концептот на социјално претприемништво не е соодветно уреден во правниот систем, иако важноста на концептот и придобивките се признати во општеството. Не постои законска регулатива која сеопфатно ја регулираат оваа материја, иако во неколку закони и политики постојат одредби кои што придонесуваат за поддршка на идниот развој на социјалното претприемништво. Законот за здруженија на граѓани и фондации регулира можност невладините организации да имаат и бизнис активности, но искористувањето на овие можности е мало. Многу од невладините организации располагаат со ограничени ресурси</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | и/или се соочуваат со зависност од еден донатор што ја намалува можноста за нивна долгорочна одржливост. |
| Главна цел | Подобрување на социјалните услуги кон граѓаните во Македонија согласно нивните потреби, а преку создавање на поволна правна средина за социјални договори, како и подобрување на националното законодавство и политиките преку развивање на механизми за социјални договори во областа на социјалната заштита во Република Македонија. Дополнително целта на мерката е и да се помогне во креирање на соодветна средина за социјално претприемништво на организациите од граѓанското општество (ГО) и да се подобри нивната одржливост, финансиска одржливост и социјално влијание |
| Кус опис на обврската | Создавање и подобрување на условите за давање на социјални услуги преку креирање на модел за склучување на социјални договори во областа на заштита на децата и давање на социјални услуги. Решавање на социјални проблеми преку креативни решенија основани на бизнис логика а доставени од непрофитни организации |
| ОВП предизвик опфатен со обврската | Преку воведувањето на овој модел се овозможува иновативен пристап за подобрување на квалитетот на испораката на социјални услуги, со вклучување на ГО, проширување на опфатот на социјалните услуги за маргинализирани групи, како и поголема финансиска одржливост на ГО. Од друга страна со оваа мерка се подобрува и олеснува пристапот на граѓаните кон социјалните услуги и нивна одржливост. |
| Поврзаност со Глобалните цели за одржлив развој | Врска со Цел 1 „Да се сопре сиромаштијата во сите нејзини форми“ , Таргет 1.3: Да се имплементираат соодветни национални системи за социјална заштита и мерки за вклучување на сите и до 2030 да се постигне одржлива покриеност на сиромашните и ранливите<br>Со мерките од оваа заложба ќе се унапредат социјалните услуги кон граѓаните преку подобрување на националното законодавство. |

| | |
|---|---|
| Важност | Креирањето на механизми за испорака на социјални услуги од страна на ГО ќе ја зголеми довербата и соработката помеѓу владините институции и граѓанскиот сектор и ќе придонесе кон поголемо користење на можноста за делегирање на функции/надлежности и подобрување на квалитетот на услугите кон граѓаните.<br>Со воведувањето на овој модел ќе се подобрат капацитетите на системот на социјална заштита, вклучување на различни субјекти во испораката на услуги, што директно ќе води кон поголема конкурентност и квалитет согласно специфичните потреби за социјална заштита на граѓаните. |
| Амбиција | - Развиен документ (акциски план) со постапки за ефикасно спроведување на социјални договори за претстојните 3 години;<br>- предлози за унапредување на правната рамка за социјална заштита во Република Македонија, во согласност со релевантните меѓународни стандарди и регулатива, со која се овозможува склучување на социјални договори во областа на социјалната заштита;<br>- подготовка на предлог- подзаконски акти за стандарди за обезбедување на социјални услуги, предлог на постапки за регулирање на социјалните договори во областа на социјалната заштита, како и утврдување на услови и постапка за избор на други даватели на социјални услуги.<br>- промоција на социјалните договори како модел за подобрување на квалитетот на социјалните услуги и одржливоста на граѓанското општество во Македонија и зајакнување на меѓусекторската соработка.<br>- Зајакнати капацитети на 100 претставници на ГО, централната и локалната власт, институции и бизнис секторот преку обука, а заради успешно спроведување на моделот на социјални договори во областа на социјалната заштита.<br>- Основање на бизнис активности и зајакнување на социјалното влијание на 10 ГО преку регрантирање на креативни решенија за решавање на социјални проблеми |

<table>
<tr><td></td><td colspan="4">- Подобрена средина за социјално претприемништво</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Статус на реализација на заложба</td><td>незапочнато</td><td>ограничено</td><td>значително</td><td>завршено</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Назив на достигнување</td><td colspan="4">Кус опис на превземени активности и постигнати резултати по достигнување</td></tr>
<tr><td>7.1.1.Спроведување на Компаративна анализа за имплементација на модел на социјални договори</td><td colspan="4">Спроведена компаративна анализа за имплементација на социјалните договори во регионот и пошироко во Европа, како и анализа на правната рамка во Македонија и условите за развивање и имплементација на модел на социјални договори<br>Изработен извештај со наоди и препораки произлезени од компаративната анализа</td></tr>
<tr><td>7.1.2. Промоција на извештајот со резултатите и препораките од спроведената компаративна анализа</td><td colspan="4">-Промоција на извештајот со резултатите и препораките од компаративната анализа (пред членовите на Мултипартитниот одбор и стручната јавност на национално ниво – 30тина претставници од МТСП, УНИЦЕФ, Завод за социјални дејности, Центар за социјална работа, Институт за социјална работа и политика, Граѓански организации од социјална дејност и др.)<br>-Регионална промоција на извештајот со резултатите и препораките од компаративната анализа (регионално во шест градови во Македонија – Битола, Струмица, Тетово, Охрид, Велес и Штип, учество на 80тина претставници од општинските центри за социјална работа, општинските сектори за социјални дејности и граѓански организации со социјална дејност и др.)</td></tr>
<tr><td>7.1.3. Развивање на предлог стандарди за испорака на социјални услуги од страна на граѓанските организации и подигнување на јавната свест</td><td colspan="4">- Воспоставена работна група на експерти (2 национални и 2 меѓународни) за изготвување на предлог документи за развивање на модел на социјални договори (развиени услови за повикот, објавен повик, реализиран процес на селекција, реализирани средби за вовед во работата со избраните експерти<br>- Развиен предлог документ за стандарди за испорака на социјални услуги<br>- Презентиран и дискутиран нацрт документ за</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | стандарди за испорака на социјални услуги на дводневна национална конференција со учество на меѓународни и национални експерти, претставници на донатори, институции и организации од областа на социјалната заштита и јавните политики,, 6 регионални јавни дебати во 6 градови во Македонија и со Мултипартитниот одбор (советодавно, стручно тело во проектот) |
| *7.1.4. Развивање на предлог модел на Социјални договори* | - Воспоставена работна група на експерти (2 национални и 2 меѓународни) за изготвување на предлог документи за развивање на модел на социјални договори (развиени услови за повикот, објавен повик, реализиран процес на селекција, реализирани средби за вовед во работата со избраните експерти<br>- Развиен предлог документ за јавни политики за социјални услуги<br>- Развиен документ за правни прашања во врска со имплементација на моделот на социјални договори во Македонија<br>- Презентирани и дискутирани предлог документи за јавни политики и правни прашања за успешна имплементација на моделот на социјални договори на дводневна национална конференција со учество на меѓународни и национални експерти, претставници на донатори, институции и организации од областа на социјалната заштита и јавните политики,, 6 регионални јавни дебати во 6 градови во Македонија и со Мултипартитниот одбор (советодавно, стручно тело во проектот). |
| *7.1.5. Предлог за подобрување на начинот на избор и давање на дозвола за обезбедување на социјални услуги на граѓанските организации* | - Воспоставена работна група на експерти (2 национални и 2 меѓународни) за изготвување на предлог документи за развивање на модел на социјални договори (развиени услови за повикот, објавен повик, реализиран процес на селекција, реализирани средби за вовед во работата со избраните експерти<br>- Развиен документ за процедури за лиценцирање и доделување на договори за социјални услуги<br>- Презентиран и дискутиран предлог документ за процедури за лиценцирање и доделување договори за испорака на социјални услуги на дводневна национална коференција, 6 регионални јавни дебати во 6 градови воМакедонија и со |

| | |
|---|---|
| | Мултипартитниот одбор (советодавно, стручно тело во проектот) |
| | - ***Промовиран предлог моделот за социјални договори.*** Организирана дводневна Национална конференција за промоција на предлог моделот за социјални договори на која учествуваа околу 150 претставници, меѓу кои Министерот за труд и социјална политика, потоа претставници на ЕУ Делегација, УНИЦЕФ, ГИЗ, МТСП, СОС Детски села од Бугарија, Финска, Украина, Ерменија, Косово, експерти од Холандија, Save the children, Завод за социјални дејности, Центри за социјална работа, Институтот за социјална работа и политика како и претставниц на локалната самоуправа и граѓански организации итн.<br>- ***Поднесување/Предавање на изготвените документи во рамки на предлог моделот на Социјални договори до МТСП.*** Регионална промоција на моделот на социјални договори – одржани 6 средби во 6 градови во Македонија (Битола, Струмица, Велес, Тетово, Штипп, Охрид) со опфатеност на околните општини на кои учествуваа 100тина претставници од Центрите за социјална работа, ЕЛС и граѓански организации.<br>- Средба на Мултипартитиот одбор (советодавно, стручно тело во проектот) за промоција и дискусија на развиените документи во рамки на предлог моделот на Социјални договори. |
| | - ***Поднесување/Предавање на изготвените документи во рамки на предлог моделот на Социјални договори до МТСП.*** Откако моделот беше промовиран и дискутиран на повеќе јавни дебати со различни заинтересирани страни, истиот беше финализиран и на 18.05.2017 година поднесен на разгледување и усвојување до Министерството за труд и социјална политика. |
| | ***Проценка на влијание на политика*** .Дополнително, надвор од активностите на проектот, а поддржано од УНИЦЕФ, СОС Детско село Македонија реализира Проценка на влијанието на политика (RIA – Regulatory Impact Assessment) што ќе придонесе за дополнителна поддршка на имплементацијата на предложениот |

| | |
|---|---|
| | модел на социјалните договори за давање на социјални услуги . |
| | ***Анализа на трошоци и корист*** .Исто така, дополнително, надвор од активностите на проектот, а поддржано од УНИЦЕФ, СОС Детско село Македонија реализира и Анализа на трошоците и користа (CBA - Cost Benefit Analysis), која ќе даде увид во трошоците и користа од воведување и имплементацијата на предложениот модел на социјални договори за давање на социјални услуги. |
| ***7.1.6 Основање на бизнис активности и зајакнување на социјалното влијание на 10 ГО преку регрантирање на креативни решенија за решавање на социјални проблеми*** | Спроведена програма за јакнење на капацитетите на над 20 граѓански организации (ГО) за социјално претприемништво (бизнис планирање, маркетинг, брендинг) во период Декември 2016-Мај 2017.<br>На 22 јуни 2017 доделени се 10 старт ап грантови во износ од 6000 евра на 10 ГО организации за отпочнување на свој социјален бизнис. Истите се поврзани со 10 големи компании кои во следните 18 месеци ќе бидат нивни ментори и ќе им дадат поддршка во имплементацијата на грантовите и развој на социјалното претприемништво. |

| | | |
|---|---|---|
| **8. КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ** | | |
| **8.1 Развој на климатските политики на национално ниво на транспарентен и партиципативен начин** | | |
| Почетен и краен датум на обврската (7/2016 – 1/2018) | | нова обврска |
| Водечка институција за спроведување | | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| Име на одговорно лице во институцијата за спроведување | | Теодора Обрадовиќ Грнчаровска |
| Функција, Одделение | | Државен советник |
| Email | | t.grncarovska@moepp.gov.mk, dori.moeppgovmk@gmail.com |
| Телефон | | |
| Други вклучени субјекти | Органи на државна управа, самостојни органи на државна | Национален комитет за климатски промени<br>Министерство за економија<br>Министерство за транспорт и врски |

| | | |
|---|---|---|
| | управа | Министерство за финансии<br>СЕП<br>Влада на РМ - сектор за економски политики структурни реформи и инвестиции |
| | Невладин сектор, деловни субјекти, синдикати, стопански комори, здруженија и фондации | Македонска академија на науки и уметности<br>Стопанска Комора<br>НВО/ГЗ<br>Донатори/проекти кои имплементираат активности во областа на климатски промени |
| Состојба или проблем што се опфаќа со обврската | | Досегашните национални планови и останати национални извештаи за климатски промени, иако беа изготвени на транспарентен и партиципативен начин, постои потреба од дополнителни напори за приближување на оваа проблематика на пошироки групи со цел да се постигне повисок степен на чувство на заедничка сопственост врз резултатите. Со тоа ќе се овозможи поголем степен на имплементација на предвидените мерки во документите. |
| Главна цел | | Потранспарентен и партиципативен развој на климатските политики на национално ниво |
| Кус опис на обврската | | Подготовка на Вториот двогодишен ревидиран извештај за климатски промени преку партиципативно учество на сите релевантни страни во работни групи, јавни дебати и други форми на консултации. |
| ОВП предизвик опфатен со обврската | | Обезбедување на широк консултативен процес во подготовка на стратешки документ за климатски промени, кој воедно се праќа и до Рамковната конвенција на ОН за климатски промени (UNFCCC) |
| Поврзаност со Глобалните цели за одржлив развој | | Врска со Цел 16 „Мир, правда и силни институции“, Таргет 16.7: Да се обезбеди пресретлив, инклузивен, партиципативен и репрезентативен процес на донесување одлуки на сите нивоа и Цел 13 „Климатска Акција“ Таргет 13.2: Интегрирање на мерки за климатски промени во националните политики, стратегии и планирањето<br>Со мерките од оваа заложба се придонесува кон усогласување на националните политики со мерките за климатските промени и поквалитетно одлучување од страна на креаторите на политики засновано на консултација со засегнатите страни. |

<table>
<tr><td>Важност</td><td colspan="4">Поголема транспарентност во процесот ќе овозможи и поинформирано носење на секторски и локални политики.</td></tr>
<tr><td>Амбиција</td><td colspan="4">- ќе се обезбеди подобро опкружување за развој на климатски политики;<br>- ќе се зајакнат постојните и создадат нови механизми на соработка;<br>- ќе се обезбеди достапност и можност за вклученост на сите релевантни страни во подготовката на националните документи за климатски промени до меѓународни тела, со цел да бидат опфатени и обврските на државата кон UNFCCC но и кон ЕУ.</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Статус на реализација на заложба</td><td>незапочнато</td><td>ограничено</td><td>значително</td><td>завршено</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Назив на достигнување</td><td colspan="4">Кус описна превземени активности и постигнати резултати по достигнување</td></tr>
<tr><td>8.1.1. Организирање на најмалку три консултативни работилници со засегнатите страни за подготовка на Вториот двогодишен ревидиран извештај за климатски промени</td><td colspan="4">Организирана една работилница за консултативно детализирање на проектните активности.<br>Останатите планирани работилници, за финализирање на инвентарот на стакленички гасови и за оценка на потенцијалот за ублажување на климатските промени се одложени за 2017, по формирањето на новата Влада.<br>Организирани работилници во широк консултативен процес со сите засегнати страни за:<br>• детализирање на проектните ективности<br>• финализирање на инвентарот на стакленички гасови<br>• оценка на потенцијалот за ублажување на климатските промени.</td></tr>
<tr><td>8.1.2. Подготовка на иновативни информативни материјали за заложбите на државата во однос на Договорот од Париз и можните национални акциски мерки</td><td colspan="4">Министерството за животна средина и просторно планирање и Програмата за развој на Обединетите Нации, во рамките на проектот „Втор национален извештај за климатски промени“ имплементираа со серија активности поврзани со подготовка на иновативни материјали за заложбите на државата во однос на климатските промени:<br>• Подготвен е детален извештај за Националните перспективи за климатските промени по Париз “Национални обврски и синергии при известувањето за климатските промени до</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | УНФЦЦЦ и ЕУ", кој ги претстави постигнувањата на меѓународните процеси за климатски промени и соодветните придонеси на државата, но и ги разгледува националните обврски за известување за климатски промени, земајќи го предвид статусот на Република Македонија како држава кандидатка за членство во ЕУ.<br>• Подготвен е и дистрибуиран првиот е-весник за климатски промени<br>• Подготвена е и дистрибуирана анкетанаменета испитување на јавното мислење за климатските промени, пополнувајќи е- прашалник насловен „Дали ве засегаат климатските промени?“ Целта на ова истражување е да покаже дали свеста и подготвеноста да се реагира на климатските предизвици кои во последно време се се' поголеми е променета.Компаративната анализа на резултатите ќе помогне за понатамошен наменски пристап кон комуникацијата и активното учество на граѓанскиот и јавниот сектор и напредок на Република Македонија во исполнување на обврските поврзани со климатските промени (кон меѓународната заедница/Парискиот договор/УНЦФЦЦ). Резултатите од анализата на анкетата ќе бидат готови во јануари 2017.<br>• Подготвен е извештај за прогресот на имплементација на Стратегија за комуникација на климатски промени (2013) за периодот 2013-2016, како и подготовка на краткорочен акциски план за комуникација за климатски промени за периодот 2017-2020.<br>• Со поддршка на УНДП и Центарот за иновации на Град Скопје, спроведено е прво сеопфатно истражување за начините на греење во Скопје на голем број на испитаници. Опфатени се 5,044 домаќинства во сите 17 урбани и рурални општини во Скопската котлина. Овој примерок е репрезентативен и овозможува анализи на податоците на ниво на општина, или дури и населба. Истражувањето се реализираше во Јануари 2017 година, од страна на професионални анкетари со користење на мобилната алатка Placeformer. Оваа иновативна |

| | |
|---|---|
| | алатка овозможува собирање на податоци од голема група на граѓани во краток временски период и географски означени информации кои можат да се користат за дизајнирање на политики и мерки на локално и микро ниво, но и на регионално и национално ниво. Врз основа на добиените податоци, направено е ажурирање на потенцијалот за ублажување на климатските промени и подготвена е Студија за греење на Скопје - СТУГРЕС со анализа на политики и мерки, во која се дадени конкретни препораки за носење на информирани одлуки и политики. |

| 8.2 Отворени податоци за климатски промени на национално и локално ниво | | |
|---|---|---|
| Почетен и краен датум на обврската (7/2016 – 1/2018) | | нова обврска |
| Водечка институција за спроведување | | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| Име на одговорно лице во институцијата за спроведување | | Теодора Обрадовиќ Грнчаровска |
| Функција, Одделение | | Државен советник |
| Email | | t.grncarovska@moepp.gov.mk<br>dori.moeppgovmk@gmail.com |
| Телефон | | |
| Други вклучени субјекти | Органи на државна управа, самостојни органи на државна управа, единици на локалната самоуправа | Национален комитет за климатски промени<br>Државен завод за статистика<br>Управа за Хидро-метеоролошки работи<br>Локална самоуправа |
| | Невладин сектор, деловни субјекти, синдикати, стопански комори, здруженија и фондации | Македонска академија на науки и уметности<br>Академска заедница |
| Состојба или проблем што се опфаќа со обврската | | Постоечката база на податоци – инвентар на стакленички гасови ќе се надградува со нови податоци на секои 2 години. На локално ниво, |

| | |
|---|---|
| | подготвени се инвентари на стакленички гасови за 8 општини и во фаза на подготовка е инвентар за Град Скопје (кој ги опфаќа сите 11 скопски општини), Оваа мерка ќе допринесе овие податоци, освен што ќе бидат постојано надградувани, да бидат разбирливи и лесно достапни на едно место - порталот www.klimatskipromeni.mk. |
| Главна цел | Потранспарентен и партиципативен развој на климатските политики на национално ниво |
| Кус опис на обврската | Подобрување на квалитетот на информациите поврзани со климатските промени и нивната анализа |
| ОВП предизвик опфатен со обврската | Обезбедување на отворен пристап до националните бази за количини и извори на емисии на стакленички гасови на национално и на локално ниво; информации и податоци за влијанието на климатските промени вклучувајќи ги и релевантните климатски сценарија; информации и податоци за ублажување на климатските промени. |
| Поврзаност со Глобалните цели за одржлив развој | Врска со Цел 13: „Климатска Акција", Таргет 13.2: Интегрирање на мерки за климатски промени во националните политики, стратегии и планирањето<br>Со мерките од оваа заложба се придонесува кон усогласување на националните политики со мерките за климатските промени и поквалитетно одлучување од страна на креаторите на политики засновано на консултација со засегнатите страни |
| Важност | Податоците за климатски промени да бидат достапни на едно место, да бидат во форма која ќе биде разбирлива за пошироката јавност и ќе овозможи поголемо граѓанско учество во креирањето на политики, но и ќе отвори можности за трансфер и примена на нови технологии и иновации. |

| | |
|---|---|
| Амбиција | - ќе се обезбеди подобрување на системите за собирање на релевантни податоци;<br>- ќе се подобри квалитетот на собирање и анализа на податоците;<br>- ќе се зајакнат националните капацитети за справување со климатските промени;<br>- ќе се подобри квалитетот на известување кон UNFCCC и ЕУ; |

| Статус на реализација на заложба | незапочнато | ограничено | значително | завршено |
|---|---|---|---|---|
| | | | | ■ |

| Назив на достигнување | Кус описна превземени активности и постигнати резултати по достигнување |
|---|---|
| ***8.2.1 Ревидирање на националниот инвентар на стакленички гасови со дополнување на низата податоци (1990-2012) со 2013г. и 2014г.*** | Националниот инвентар на стакленички гасови е дополнет до 2014г. |
| ***8.2.2 Подобрување на квалитетот на националниот инвентар на стакленички гасови*** | Квалитетот на националниот инвентар е значително подобрен, до степен кој го дозволуваат податоците кои се собираат на национално ниво. За подобување на квалитетот на идите инвентари, има низа на препораки, како и табела со податоци кои недостасуваат и предлог институции кои се најсоодветни да ги собираат. |
| ***8.2.3 Обезбедување на слободен пристап до националниот инвентар на стакленички гасови*** | Националниот инвентар на стакленички гасови е отворен за јавноста и претставен на визуелно интересен начин на http://www.unfccc.org.mk/Default.aspx?LCID=244. Базата може да се пребарува по гас/сектор/подсектор/година, а информациите се видливи во динамички графикони. Истите можат да се експортираат во ексел/слика или да се испечатат. |
| ***8.2.4 Зајакнување на капацитетите на релевентните страни со цел да се обезбеди редовно собирање на податоци поврзани со климатските промени и нивно споделување*** | Во текот на ажурирањето на инвентарот на стакленички гасови се вршеше континуирано зајакнување на капацитетите на релевентните институции и за собирање на податоците и за подготовка на самите инвентари, особено за инвентарот во секторот шумарство и промена на земјиште. Во МАНУ се обучија двајца јуниори за подготовка на инвентари, а се одржаа и работни состаноци со релевантни институции (Државен завод за статистика, Министерство за |

| | |
|---|---|
| | земјоделие, шумарство и водостопанство и др.) во однос на собирање на подетални податоци. Со цел да се најдат алтернативни начини да се подготви подетален инвентар на стакленички гасови за секторот земјоделие, шумарство и промена на користење на земјиштето, за прв пат се користеше Corine базата. На тој начин се зајакнаа националните капацитети за овие сектори. |
| ***8.2.5 Обезбедување на слободен пристап до инвентари на стакленички гасови на локално ниво за 8 општини и Град Скопје*** | Слободен пристап обезбеден на www.klimatskipromeni.mk |

| **8.3. Обезбедување на одговорност и вклученост на приватниот сектор во националната акција за климатски промени** | | |
|---|---|---|
| Почетен и краен датум на обврската (7/2016 – 1/2018) | | нова обврска |
| Водечка институција за спроведување | | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| Име на одговорно лице во институцијата за спроведување | | Теодора Обрадовиќ Грнчаровска |
| Функција, Одделение | | Државен советник |
| Email | | t.grncarovska@moepp.gov.mk<br>dori.moeppgovmk@gmail.com |
| Телефон | | |
| Други вклучени субјекти | Органи на државна управа, самостојни органи на државна управа | Национален комитет за климатски промени<br>Влада на РМ |
| | Невладин сектор, деловни субјекти, синдикати, стопански комори, здруженија и фондации | Македонска академија на науки и уметности<br>Стопанска Комора<br>НВО/ГЗ<br>Донатори/проекти кои имплементираат активности во областа на климатски промени |
| Состојба или проблем што се опфаќа со обврската | | Министерството за животна средина и просторно планирање преку неколку вида прашалници собира информации од индустријата во писмена |

| | |
|---|---|
| | форма и за различни сегменти поврзани со загадувањето на животната средина. Софтверот ЕМИ за мониторинг на емисиите од индустријата е подготвен со поддршка наПрограмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и Глобалниот Еколошки Фонд-ГЕФ, меѓутоа за да заживее потребно е да се направи прилагодување на подзаконски документи. |
| Главна цел | Мерки за обезбедување на одговорност и вклученост на приватниот сектор во националната акција за климатски промени. |
| Кус опис на обврската | Подобрување на правната рамка во однос на приватниот сектор и климатските промени. |
| ОВП предизвик опфатен со обврската | Воспоставување на соодветна правна и регулаторна рамка за обезбедување на податоци релевантни за климатските промени од приватниот сектор. |
| Поврзаност со Глобалните цели за одржлив развој | Врска со Цел 13 „Климатска Акција“, Таргет: 13.3 Подобрување на образованието, подигање на свест, човечките и институционални капацитети за ублажување на климатските промени, адаптација, намалување на влијанието и рано предупредување<br>Со мерките од оваа заложба се придонесува кон подигнување на свеста, одговорноста и вклученост во националните активности за климатските промени. |
| Важност | Со оваа мерка ќе се обединат сите информации кои Министерството ги бара од индустријата во електронска форма, ќе се олесни известувањето но и ќе се подобри квалитетот на собраните податоци поврзани со загадување на воздухот и климатските промени. |
| Амбиција | - ќе се подобри известувањето, мониторингот и верфикацијата на податоците кои Министерството за животна средина и просторно планирање ги побарува од индустријата<br>- ќе се зајакне соработката со приватниот сектор<br>- ќе се обезбеди поддршка за известување кон УНФЦЦЦ и ЕУ |

| Статус на реализација на заложба | незапочнато | ограничено | значително | завршено |
|---|---|---|---|---|
| | | ■ (означено) | | |

| Назив на достигнување | Кус описна превземени активности и постигнати резултати по достигнување |
|---|---|
| ***8.3.1. Подготовка на правилници за софтверот за мониторинг на емисиите од индустријата ЕМИ- Emission Monitoring from Industry sector (EMI) software upgraded*** | Нацрт верзија на правилниците е подготвена. Статусот на оваа акција е поврзан со изработката и усвојувањето на нов Закон за климатска акција.<br>За таа цел изработени се прирачници (а не правилници) за употреба на овој софтвер, кој е потребно да се постави на сервер на министерството. |